СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Шеесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 2 април 1997 година

Скопје, април 1997 година

**64-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 2.04.1997 ГОДИНА**


1. АРСОВОКИ БРАНКО - 50
2. АБДИ ФАИК - 67, 101
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 71,73
4. ДАВЧЕВ САНДЕ - 93
5. ЖУТА БЕЌИР - 10, 13
6. ЗИБЕРИ НАСЕР - 34, 38. 82, 102, 106
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 10, 12
8. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 99
9. МАЉИЧИ НАЗМИ - 14
10. МЕШКОВ ЉУПЧО – 40
11. МИНОВ ПАНЧО - 46, 48, 96, 98
12. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 90
13. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 2, 9, 14, 88
14. РУЖИН НАНО - 54
15. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 76
16. РАМАДАНИ ХИСЕН - 81
17. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 18, 20, 78, 81
18. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 22
19. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 57
20. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 41
21. ТРПЕНОВСКИ ВЛАДИМИР - 59
22. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 63, 65
23. ФИТИ ТАКИ - 2, 8

ДНЕВЕН РЕД НА СТР.15
точка 1 - стр.18
точка 2 - стр.25
точка 3 - стр.26
точка 4 - стр.28
точка 5 - стр.29
точка 6 - стр.30
точка 7 - стр.32
точка 8 - стр.34
точка 9 - стр.90


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, свикана за 2 април 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на РМ (сала број 1 со почеток во 12,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам 64-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Димче Настовски и Игнатие Богдановски и Тодосие Паунов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Го поздравувам и присуството на студенти на Правниот факултет во Скопје во работата на нашето Собрание.

Записникот од Шеесет и првата седница на Собранието Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешка на записникот. (нема).

Констатирам дека записникот од 61-та седница на Собранието е усвоен без забелешки.

I/2 Јм/вц

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговско работење.

Предлогот на законот ви е поделен.

Молам предлагачот на законот да ја образложи основаната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор г-динот Таки Фити министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дине претседател, почитувани дами и господа пратеници, Владата фактички денес предлага по итна постапка да се донесат два нови закони. Јас ќе ја објаснам итноста од донесување на овој закон пред вас почитувани пратеници со тоа што, Ве молам однапред да знаете дека истото образложение се однесува и за другиот закон, така што нема да објаснувам после тоа за што фактички станува збор. Јас ќе си земам слобода да поткрепам сето тоа и со аргументи, факти и податоци.

Вие знаете дека долг временски период во Република Македонија имавме нелегална продажба особено со преработките на тутун, а од друга страна знаете дека во фабрикацијата, во производството на тутун Македонија и во поранешна Југославија заземаше особено значајно место. Имаме три големи за наши услови би рекол огромни капацитети, тутунски комбинати кои што произведуваат цигари и во поранешна Југославија ние учествувавме дури со 33%, значи една третина на ниво на тогашна Југославија во вкупната фабрикација на цигари. Меѓутоа, нелегалната продажба на цигари, на преработки на тутун воопшто, или црниот пазар фактички цветаше во Македонија еден долг временски период. Тоа е факт кој што не треба посебно да се објаснува, бидејќи

секој наш граѓанин можеше да го види особено во главниот град Скопје. ВО една таква ситуација ние имавме две големи штети. Првата голема штета беше губењето на приходи во државната каса. И втората голема штета беше страшната реакција на јавното мислење на граѓаните кои што оправдано се бунеа протестираа против јавната состојба која што беше една грда слика на она што се случуваше особено во центарот на градот, Битпазар итн. Во една таква ситуација со оглед на тоа што и до Владата доаѓаа перманентни реагирања, Владата презеде во септември месец минатата година три мерки кои што можам да ги окарактеризирам како подрастични и донекаде репресивни, меѓутоа, кои што беше нужно едноставно во една таква ситуација да се преземат за да се спречат ваквите тенденции не само на присутност на црниот пазар, туку на тенденцијата на неговиот пораст.

Првата мерка беше она што и порано беше веќе заговарано и донесен закон воведување на бандеролите, маркиците за обележување на цигарите.

Втората мерка беше дефакто укинување на консигнациите.

И третата мерка беше заострување на царинската контрола.

Тоа беа три мерки би рекол имаа донекаде репресивен карактер, меѓутоа навистина беа многу значајни, беа оправдани во таква ситуација, особено во доменот на укинување на консигнациите ние појдовме од фактот дека колку што нас ни е познато не постои никаде во современите земји, во земјите со пазарна економија, ситуација на продавање на цигари, кафе, алкохол, значи акцизни производи преку консигнација.

Консигнациите или консигнационите складови или консигна-ционата продажба во земјите со пазарна економија постојат и главно се концентрирани во доменот на репроматеријалите и суровините заради

обезбедување на континуитет на процесот на производство, а во крајна линија и заради избегнување на царинската бирократија со која што се соочува секоја национална економија. Вие знаете дека тогаш имаше и определени реакции кога консигнациите се укинаа што е нормално бидејќи ги имавме и постоеја, функционираа во Републиката, меѓутоа оправданоста на мерката многу брзо се повтори затоа што во тој временски период од септември до крајот на годината дојде многу брзо до продажба, до зголемување на легалните продажби на цигари за 40%. Еве го податокот од 1 до 9 месец 1996 година просечна месечна продажба на преработки од тутун, значи на цигари беше 166.220 кгр., нешто повеќе од 166 тони. Од 10 до 12 месец 1996 година кога престанаа дефакто да функционираат консигнациите, консигнационите складови, или продажби просечната месечна продажба на цигари изнесуваше 232.782 кгр. што е индекс на зголемување 140, или поедноставно кажано зголемување на легалните продажби на цигари за 40%. Ние мислевме дека Владата не треба да застане на овие мерки кои што пак ќе речам имаа повеќе можеби репресивен карактер, меѓутоа беа според нашето длабоко убедување апсолутно оправдани во тој момент. Ние сакавме да појдеме и чекор напред и тоа го направивме со промена на законите од даночната сфера, во тој контекст и на законот за акцизите кон крајот на годината кои што промени ова Собрание се разбира ги усвои. И да ве потсетам ние фактички двојно ги намаливме акцизите кај тутунските преработките и кај други производи високо акцизни меѓутоа, овде кај тутунските преработки акцизите двојно се намалија. Тука појдовме од поставката дека секаде во светот каде што постојат високи даночни оптоварувања евазијата, бегањето од плаќањето на обврските е секогаш поприсутно. Тоа е јасно правило и во економската теорија така што ние

се државме на тој принцип и ние појдовме да речеме малку похрабро тука и со поголем ризик бидејќи сепак акцизите се значаен приход на буџетот, дури и да опаднат, но со крајна цел да ги намалиме продажните цени во легалната продажба за да тие се доближат до цените на цигарите на црниот пазар. И тоа го направивме така што тоа даде ефекти. Исто така многу е битно да се има во обѕир фактот дека ја изменивме и структурата на цената така што во рамките на структурата на цената на цигарите еден поголем дел оставивме за самите производители на тутунски преработки, односно на цигари со што едновремено ја зголемивме и нивната акумулативна способност. Значи, тоа испадна како добра мерка за комбинатите, испадна како добра мерка се разбира за државата и за државниот буџет и дефинитивно за сите оние кои што се занимаваат со трговија легална на цигари. Така што тоа допринесе за дополнително зголемување на акцизите од тутунски преработки од цигари за 11%, меѓутоа ве молам почитувани пратеници да го имате во предвид следниот факт. Ова 11% зголемување од 1 до 3 месец оваа тековната година 1997 година е врз нова, односно претходно зголемена основа. Така што дефакто тоа е прилично поголемо. Сега ако го гледате целиот тој временски период од 1 до 09. месец 1996 година имавме просечни продажби на цигари 166.220 кгр., а од 1 до 3 месец 1997 година просечно месечно е 258.320 кгр., односно индекс на зголемување 155, односно 55%. Овие две мерки такви какви што ги донесовме ги дадоа овие резултати. Владата јавно кажа дека ќе направи усилби до крај да се справи со тенденциите на егзистирањето и упорното одржување, дури и тенденција ј на зголемување на црниот пазар односно на нелегалната продажба на цигари и се разбира и на други производи. И во тој контекст сега одиме и со овие измени во законот, сакаме фактични тоа до крај да го реализираме.

Имено, за што станува збор. Ние во една ваква ситуација кога ги укинавме консигнациите, се сеќавате тоа Владата го направи со уредба. Меѓутоа, Уставниот суд заседаваше и сметаше дека од формално правен аспект со уредба не може да се изврши укинување на овие стопански субјекти и донесе Одлука за поништување на таквата уредба. Затоа сега Владата му предлага на Собранието на Република Македонија оваа материја да ја регулираат и од формално правен аспект по канален редослед а тоа значи да ги измени постојните закони кои што се врзани за оваа проблематика за егзистенцијата на консигнациите и на фришоповите. И фактички што е она што се предлага и во едниот и во другиот закон јас реков дека нема да давам образложение за вториот закон бидејќи е во суштина квалитативно иста проблематика.

Кај консигнациите ние ги укинуваме само консигнациите на високо акцизни производи. Значи се предлага да се брише оној член од Законот за надворешно - трговско работење каде што вели дека постојат консигнации и каде што се редат сите можни видови на стоки што се продаваат преку консигнација, односно за кои што е организирана консигнациона продажба. Фактички кога велиме високо акцизни производи понатаму тоа би значело дека во иднина не ќе може на консигнација да се чуваат и врз таа основа да се продаваат цигари, кафе и алкохол. Консигнациите остануваат за другите потреби, има да речеме консигнација на автомобили, консигнации за потреби на репроматеријали, суровини, тие остануваат и тие ќе функционираат и понатаму додека фришоповите дефакто би престанале со овие измени што ги предлагаме, но ќе се задржат на воздушните пристаништа, односно на аеродромот тоа е Скопје и Охрид со тоа што овде кај тие што ќе останат треба исто така да се внесе каналниот ред онака како што тоа функционира во рамките на правните, легалните системи на земјите со

развиена пазарна економија а тоа значи дека ќе може да се купи стока на фришоп на аеродром ако претходно се има бординг и ако купувачот се разбира влезе во зоната од каде што не може да купи па да се врати повторно во земјата. Впрочем да не објаснувам тоа сите го знаете онака како што функционира тоа насекаде.

**ТАКИ ФИТИ: (**Продолжение) I

Значи, да заклучам што е суштината на итноста на постапката, Владата сака до крај да ја спроведе намерата за елиминирање на црниот пазар. Добро, да не бидам и заради тоа евентуално критикуван да се оградам со една работа. Ние, се разбира, не можеме 100% нелегалната продажба да ја елиминираме. Тоа впрочем не е никаде случај. Вие знаете дека дури една Соединета Европа губи годишно од нелегален промет со цигари некаде од 40 милијарди долари. Тоа е голем износ. Меѓутоа, што е нашата цел, нашата цел е сето тоа да се сведе во разумни толерантни рамки. Што поголем успех тука постигнеме тоа е подобро. Мислиме дека е многу битно овие законски решенија во оваа ситуација да се направат бидејќи на тој начин ќе се помогне Владата многу поенергично да го сузбие до крај црниот пазар со преработки со цигари. Може да стане збор за интересите на луѓето во фри-шоповите и тие што се вработени. Меѓутоа, ве молам, ако евентуално има дискусии и расправи, да се имаат предвид интересите исто така и на тутунската индустрија, сфатена пошироко. Само да ве потсетам дека во Република Македонија околу 200 иљади семејства, фактички на еден или на друг начин егзистираат на тутун. Сето тоа е многу битно.

Јас ви ги кажав податоците за легалната продажба и се разбира дека тие податоци апсолутно коинцидираат и со приходите во Буџетот од акцизи.

Само уште една минута ќе ви земам да прочитам какви се реалните приходи во Буџет со зголемување на легалната продажба. Тој податок дојде малку подоцна. Осми до 12 месец 1995 година, го земам истиот период кога 1996 година беа укинати консигнациите во Буџетот, врз база на акциза од тутунски преработки се слеаја 359 милиони денари. Од 8 до 12 1996 година, од моментот кога се укинаа консигнациите имаме 696 милиони денари. Значи, еден висок раст во

буџетските приходи врз таа основа. Од 8 месец 1996 година до февруари 1997 година немаме податок. До крајот на март и тоа ќе го имаме. Вкупниот ефект во Буџетот на РМ е 911 милиони германски марки.

Ќе завршам со следното, не се за потценување буџетските средства што државата ги губи врз база на црна трговија и шверц со бил*о кој производ, а во тој контекст и со овие високоакцизни производи, односно со цигарите. Меѓутоа, исто така не е за потценување почитувани пратеници елиминирањето на црниот пазар и од оној другиот аспект, од таа грда слика што перманентно ја имаме на нелегалните пазари.

Ви благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот овој закон да се разгледа по итна постапка, молам да крене рака? (74 пратеници).

Дали има некој против? (еден пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе и Законот за изменување и
дополнување на Законот за царините.

Министерот даде образложение и причини поради кои Владата предлага да се разгледа по итна постапка.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (71 пратеник)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеничката група на Либералната партија на Македонија поднесе барање Владата на Република Македонија да изготви Информација за опасностите од ширењето на дрогата и преземените мерки за нивно спречување и таа да биде разгледана на оваа седница.

II/3.-

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија го извести Собранието дека со Програмата за работа на Собранието е предвидено подготвување на ваква информација и дека Владата информацијата ќе ја достави за една до наредните седници на Собранието.

Молам, еден од подносителите на барањето да се произнесе дали прифаќа.

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Во ред е тоа што Владата предвидела во својата програма да изработи ваква информација. Меѓутоа, во случајот се работи аз конкретно барање на Пратеничката група за изготвување на ваква информација во која стриктно се наведени барањата кои елементи би требало да ги содржи таа информација. Тоа е едно.

Второ, терминот за една од наредните седници на Собранието" е многу широк поим. Тоа може да значи и после неколку месеци или после повеќе месеци.

Затоа би инсистирал ако може да добиеме конкретен одговор дали Владата презема обврска таа информација да биде предмет на расправа на следната седница на Собранието?

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Беќир Жута, потпретседател на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Владата расправаше на последната седница во врска со барањето од Пратеничката група на либералите.

II/4.-

Проблематиката ја оценува како сериозна. Јас не би додал ништо на она што вие го добивте како Мислење. Меѓутоа, во врска со последниот коментар од пратеникот кој изнесе дека изразот на една од наредните седници" дали е во недогледно време или во определено време?

Прво, морам да ве информирам дека изработката на Информацијата кај надлежните министерства е во тек. Меѓутоа, се оценува дека Информацијата ќе има обемен материјал и врз база на тој обемен материјал од неколку министерства веројатно ќе има и резиме на целокупниот материјал. Барем така е првобитната оценка. И, ќе има и мерки што ќе се предлагаат на база на целокупниот материјал и резимето по материјалот. Сигурно дека сето тоа не може ниту аз наредната седница, но на една од наредните седници, што би значело втора или треба по ред, што ние не можевме да го квантифицираме, но задачата е дадена да се забрзаат активностите со оглед на сериозноста на проблемите, а да се имаат предвид и мислењата на Пратеничката група при составувањето на информација за проблемите сврзани со дрогата.

Необјективно е, затоа што така и беше речено на самата седница на Владата за една недела сите тие извештаи надлежните органи да ги подготват. Во која мерка ќе бидат тогаш реален одраз на состојбите и проблемите.

Од тие причини им е даден одреден рок објективен за да можат извештаите, кои бара и додатен рок Министерството за правда од сето тоа да направи резиме за да тоа резиме се расправа во Владата и целиот материјал биде дистрибуиран во Владата, а тој после биде предмет на расправа на седница на Владата.

II/5.-

Така што не се мисли дека може тоа со месеци или во недогледно време. Но, во едно релативно време што ќе овозможи извештаите од надлежните министерства да можат поквалитетно да се подготват, резимето по тие извештаи и мерките по тие извештаи и првата расправа во Владата, а потоа истиот материјал да се достави во Собранието.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Коцевски,дали го прифаќањето оваквото образложение?

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Видете, во едно сме согласни со претставникот на Владата дека се работи аз многу важна и сложена материја и дека таа информација би требало да биде квалитетно направена со сеопфатни содржајни податоци за да се расветлат некои појави кои, за жал, на лошо се случуваат во последно време во РМ кои би сакале ние да се расветлат, а посебно од аспектот на тоа што се прави со дрогата што се запленува во РМ и која е постапката за нејзино уништување судско или така како што налагаат прописите во РМ.

Меѓутоа, јас мислам дека една сериозна Влада не може да се занимава со една ваква сериозна проблематика кампањски или од време на време, туку, кога го предлагавме тој рок за што побрзо поставување на дневен ред на оваа информација поаѓавме од фактот дека надлежните министерства и други органи во државата, задолжени да ја следат оваа проблематика и да се борат против таа опака појава во нашето општество, дека тоа го прават континуирано и дека се подготвени во многу кратко време да ги поднесат тие релевантни податоци.

Од тие причини сакам да го известам Собранието дека, до колку оваа информација не биде изработена и поднесена до Собранието до следната седница на Собранието, ние повторно ќе го активираме нашето барање односно ќе доставиме друго барање за кое треба повторно да се изјасни Собранието на РМ.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, од денешната седница го повлекувате? (Да)

Пратениците Газменд Ајдарага и Назми Маљичи поднесоа барање Владата на Република Македонија да изготви Информација во врска со посетата на министерот за надворешни работи на Република Грција Теодорос Пангалос и таа да биде разгледана на седницата на Собранието.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија, но до денес ваква информација не е добиена во Собранието на РМ.

Има збор г-дин Беќир Жута, потпретседател на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Во врска со ова поставено барање за Владата да достави информација, следи следниот одговор:

Информацијата е готова и таа треба да се расправа наредната седница на Владата и се достави за информирање во Парламентот на Република Македонија веднаш после расправата во Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Маљичи, дали го прифаќате ваквото образложение.

Има збор г-дин Маљичи.

II/7.-

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Како предлагачи прифаќаме оваа информација да биде доставена на наредната седница.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Комисијата за образование и наука предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на статутарната одлука за изменување на Статутот на работната организација, Економски факултет - Прилеп.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (еден пратеник)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлози на одлуки за основање на пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Ирска за разрешување и именување претставници на Републиката во советите на студентскиот центар "Скопје"-Скопје, Студентскиот дом "Кочо Рацин"-Битола и на Македонската филхармонија, за разрешување и избор на членови на Управните одбори на јавните здравствени организации: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје и на природното летувалиште "Минерални Бањи "- Негорци - Гевгелија и на управните одбори на Градската општа болница "Моша Пијаде"-Скопје и на градската општа болница "Моша Пијаде"-Скопје - Клиника за хируршки болести.

Предлогот Ви е доставен.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене  рака? (71 пратеник)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Информиран сум дека Владата на Република Македонија го повлекува од денешнава седница Предлогот на закон за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори за наредната седница.

Тоа е истоветно со сугестијата на нашата Комисија за надворешна политика.

Ве известувам дека Предлогот на одлуката за организација и делокруг на Службата на Собранието на РМ се повлекува од оваа седница за една од наредните, бидејќи во рамките на пратеничките групи не е изградено мислење по неа.

<u>Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:</u>

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за царините.

3. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за сметање на времето, со Предлог на закон.

4. Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот за репрограмирање на долгот меѓу Македонската Влада и Владата на Обединетото Кралство број 1 (1995), со Предлог на закон.

II/9.-

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Македонската Влада и Австриската Сојузна Влада, со Предлог на закон.

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за одбегнуваше на двојното оданочување по однос на данокот на доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

8. Предлог за донесување на закон за социјална заштита.

9. Предлог за донесување на закон за вработување и осигурување во случај на невработеност.

10. Предлог за донесување на закон за пазарна инспекција.

11. Предлог на одлука за утврдување на стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на лицата привремено невработени додека примаат паричен надоместок за време на привремената невработеност.

12. Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Ирска.

13. Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Советот на студентскиот центар "Скопје"-Скопје.

14. Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Советот на студентскиот дом "Кочо Рацин"-Битола.

15. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Македонската филхармонија.

16. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на ЈЗО Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје.

17. Предлог на одлука за разрешување и избор на член на Управниот одбор на ЈЗО Природно летувалиште "Минерални бањи" Негорци - Гевгелија.

18. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Градската општа болница "Моша Пијаде"-Скопје.

19. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Градската општа болница "Моша Пијаде"-Скопје - Клиника за хируршки болести.

20. Предлог на одлука за давање согласност на статутарната одлука за изменување на Статутот на Работната организација Економски факултет - Прилеп.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред ? (нема)

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (81 пратеник)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Со цел да се запознаете со одговорите на пратеничките прашања што ви се поделени пред почетокот на седницата, предлагам пратеничките прашања да се поставуваат по исцрпувањето на точките на дневниот ред.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (72 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

II/11.-

Минуваме на точката 1 - Предлог за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Јас сакав и деловнички да интервенирам, но веројатно деловникот може да се толкува и вака и онака.

Веројатно дека Владата има потреба од една ваква итна интервенција така и стои "по итна постапка". Меѓутоа, прашање е сега колку сме ние во состојба овој материјал што го добивме денеска, тука, во моментот ни е поделен Извештај од Стопанската комора, Групација за слободни царински продавници и ни денеска треба да се произнесеме по овој закон, условно да речеме да го прифатиме.

Сигурно, се работи за некое елиминирање на одлука на Уставниот суд која што, веројатно, со овој начин ќе биде елиминирана. Јас поставувам прашање дали навистина за еден ваков важен закон, сепак, треба ние да бидеме изненадени веднаш сега, на оваа седница да добиеме материјал и по него да дискутираме. Сепак требаше да го разгледаме, да се запознаеме, вклучувајќи ги сите овие материјали што во текот на оваа седница ги добивме.

Но, бидејќи се изгласа дека овој закон треба да се донесе по итна постапка, јас сметам дека сепак, без оглед што го ставивме на дневен ред, ако има можност би предложил овие точки да одат на наредната седница што е закажана за 16 април. Не е во ред веднаш да изгласаме

нешто без дополнителни аргументи во кои што спаѓаат многу елементи.

Податоците изнесени од министерот за финансии и податоците што сега ги добиваме од Стопанската комора, од Групацијата сепак се различни. Оставаат многу елементи за размислување.

Јас, на некој начин доаѓам до свое мислење дека секогаш кога не можеме да најдеме начини и можности за ефикасна контрола на она што значи особено нелегална трговија или промет со високоакцизни стоки, најлесно некако се одлучуваме на ставање клуч, на затворање за да потоа размислиме дека сме погрешиле или ќе треба да се коригираме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Не можам да прифатам едно вакво еднострано гледање на проблемот од следните причини:

Прво, не прифаќам споредување на оваа наша одлука, на овој наш закон со состојбите во тутунското производство. Треба тие две работи да ги раздвоиме, затоа што тука се работи за алкохол и за кафе и се работи, сепак, за една поинаква структура на производство.

Второ, ние се повикуваме на норми, критериуми, искуства од Европската унија, Европската заедница каде што постои еден широк слободен пазар.

Трето, што можеби е најбитно дали со овој наш закон ние ќе бидеме во рамноправна положба со соседните земји каде што овие фришопови понатаму ќе работат. Значи ли дека ние со ова ќе спречиме дека прометот на тие продавници ќе биде потполно спречен или едноставно ќе можеме да придонесеме да ги немаме оние непријатни сцени од пред две години, кои што за жал сега има опасност да се пренесат на другата страна од границата, кога имавме дури и два трагични случаи, заради кои што и беше и таа првата интервенција за престанок на работа на овие царински продавници.

Верувам дека нема да се постигне ниту едното, ниту второто, ниту третото. Фаворизирањето и залагањето дека преку фришоповите на аеродромите ќе можеме да го решиме проблемот воопшто не коинцидира и некореспондира со она што значат гранични премини на патните правци каде што и овие фришопови се во најголем број. Не можам да се сложам дека државата едноставно се откажува од својот дел на приходот, кој што очигледно не е спремна да си го прибере. Овие денови читавме и еден ваков коментар. Дека поради неефикасност на

царинската служба ќе имаат право цариници или не знам кои други да ни влегуваат во домовите, во куќите и да прават контрола дали имаме стоки кои што поминале царина, а не се оцаринети. Мислам дека царината мора да се организира. Царината е угледот на државата. Царината е првиот контакт на сите патници и мислам дека не смееме топката да ја пренесуваме од она што значи можност дека на тие експонирани патни премини, дека можност аз корумпираност на службениците е голема, а сега таа можност не ќе биде таква ако тие се впуштат да ни доаѓаат на кафе и да видат дали сме го купиле тоа кафе дома. Мислам дека ова прашање не може да се реши со закон под итна постапка на денешна седница. Денеска добиваме материјал, денеска треба да се произнесеме. Не заборавете дека влегуваме во една сфера, влегуваме во едно време во секој граѓанин да гледаме криминалец. Во секој малостопанственик гледаме човек кој што лесно се збогатува. Немојте да ги обесхрабруваме сите оние луѓе и ете да ги ставиме во кош дека се служат со нелегална трговија. Па ние, луѓе, пред светот велиме дека развиваме мали и средни претпријатија. Ние пред светот се декларираме како држава со отворен пазар и | со консигнации сите оние современи начини на промет. Ние сега одеднаш дали сме свесни дека се затвораме, дали сме свесни дека од наша немоќ како држава и тука сме некако законодавен дом што работите ги стеснуваме и да се претвориме во некои држави кои што ни беа убаво познати од соседството. Верувам дека има начини и можности и за контрола на царинските складишта. Верувам дека има можности за контрола на консигнациите, дури сега успеав овие неколку минути да прочитам во материјалот од Стопанска комора дека сопствениците на овие консигнации нудат депозит од околу 2 милиони германски марки како гаранција дека стоката која што се наоѓа на тие складишта во случај и да отиде во некој непознат правец, тој

депозит е гаранција дека за таа стока давачките на државата ќе и бидат платени. Значи, постојат можности, постојат начини ако проблемот се разгледа комплексно. Сега не сакам да зборувам за она што значат можности за прекршоци и деформации. меѓутоа, дајте еднаш ние да почнеме оној кој што прави прекршоци да го идентификуваме, спрема него да се преземат соодветни санкции, да се затвори тој фришоп, да се стави црвен печат, да се избрише од регистарот на фирма регистрирана за таква и таква дејност, како што е во тие развиени западни земји, кои што ги земаме како пример, и тоа да биде моделот на итно , легално стопанисување. Моделот е едноставно да ги елиминираме сите овие продавници мислам дека не е во ред. Не навлегувам во стапките на даноци, на придонеси, на царини и акцизи, државата ако смета дека во прометот со овие стоки останува голем профит има инструменти и можности тоа точно тука во ова Собрание да го легализираме или да го стесниме тој простор за брзо богатење.

Меѓутоа, не заборавајте дека претпријатија до вчера општествени, сега акционерски друштва и во Гевгелија и во Крива Паланка и т.н., сепак, вработуваат и голем број на вработени и нивната работа може многу едноставно да се контролира. Мислам дека добро е и предлагам ако може предлагачите да прифатат овие два законски проекти кои претставуваат една целина, да бидат на дневен ред ан седницата од 16 април, значи за две недели.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг се јавува за збор?

Г-дин Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, уште на почеток да расчистиме една работа, во никој случај не можам и нема да се сложам ние во овој момент, или ако ова е

причина на некој начин да се легализира или се поттикнува криминалот, или незаконско работење, јас однапред кажувам дека сум против тоа. Но, морам да кажам една друга работа дека навистина и по излагањето на министерот до крај не се убедив во едно. Дека овој е единствениот начин со кој ние на криминалот или на црната трговија ќе и ставиме крај Што е мотивот што ме наведе вака да заклучам. Искрено да Ви кажам неделата го поминав преминот Блаце и само на 40 метри од нашиот фришоп работеше друг фришоп каде што ја видов истата слика што пред 8 месеци ја гледав кај нашите фришопови. Гледав натоварени луѓе со пакети со цигари кои ги изнесуваа од тој фришоп. Јас не сум убеден дека тие цигари изнесени од тој фришоп кој што е оддалечен само 4 0 метри над нашиот фришоп, кој сега не работи , не се наоѓа или не се продаваат некаде по нашите улици. Апсолутно сум против тоа тие цигари да се наоѓаат по нашите улици и знам, а и искуството кажува дека секогаш кога треба некој да се осудува, некој да се затвора, тоа се тие невини млади луѓе кои за корка леп ќе се продадат, како и ќе продадат така нелегални цигари. Но, убеден сум дека ова не е начин, затоа што веројатно постојат и други начини ние да го сузбиваме овој начин на работење.

Јас денес прочитав во неколку весници дека зад овој бизнис стојат две илјади семејства, зад овој бизнис или од овој бизнис во касата на државата се влеваат некаде 15 милиони германски марки, колку е овој износ точен, не навлегувам во тоа но тие работи ги прочитав денеска по весниците, ако е тоа точно и ако е вистина дека таков драстичен пораст на производството на цигари во нашата држава по преземените мерки, неколку преземени, пакетот мерки, никој не ен убеди дека тој и која од овие мерки најмногу придонесе да дојде до зголемување на производството на цигари.

Јас мислам дека, а сеуште стојам на убедувањето дека најголемиот извор за кој што сеуште не наоѓаме начин ние како да го запреме, сеуште се производителите на цигари. Мислам дека таму е главниот извор на шверцот со цигари.

Ги почитувам сите овие бројки изнесени од страна на министерот, навистина би сакал да е така. Но, ние не можеме со една едноставна констатација денеска да ги затвораме фришоповите и да бидеме убедени дека со тоа го затвораме и главниот извор на шверц со цигари.

Без една подлабока анализа дали навистина е овој тој извор на шверц со цигари, јас навистина не знам. Реков, затоа што таа слика што ја гледав пред 8 месеци, истата слика ја видов во неделата во преминот Блаце. Дури се зборува, тоа и јавно морам да го кажам дека тоа е по некој договор, затоа што некој друг странец треба да заработува. Според тоа, мислам дека требаше Владата една подлабока анализа да направи и да не убеди, бараме мене и сите нас, кој што се сомневаме на овој начин на работење, дали ние ќе бидеме единствената држава во опкружувањето каде што нема да има фришопови, а другите ќе работат на наша сметка. Според тоа, мислам дека донесувањето на овој закон вака под итна постапка без претходно да бидат разгледани и земени предвид сите други начини и извори, мислам дека е малку пребрзано.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

III/6.-

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговско работење.

Минуваме на точка два.

Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за царините.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот)

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за царините.

III/7.-

Минуваме на точка три.

Предлог за донесување на закон за изменување на законот за сметање на времето, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за сметање на времето.

Кој е за, молам да крене рака?
59 пратеници гласаа за.
Дали има некој против? (Не)
Дали некој се воздржува од гласање? (не)
Ве молам колку пратеници има во салата.

Уште еднаш, кој за предложениот заклучок, молам да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Очигледно дека некој не гласал, бидејќи во Собранието има кворум.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за сметање на времето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Точка 4.

Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот за репрограмирање на долгот меѓу Македонската Влада и Владата Обединетото Кралство бр. 1 (1995) година со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Работните тела на Собранието, ви се доста- вени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за репрограмирање на долгот меѓу Македонската Влада и Владата на Обединетото Кралство број 1 (1995).

Кој е за молам да крене рака? (60 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака?(61 пратеник гласаа за)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (60 пратеници гласаа з

Дали има некој против? ( не)

Дали некој се воздржува од гласање?( не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот за репрограмирање на долгот меѓу Македон ската Влада и Владата на Обединетото Кралство број 1 (1995).

<u>Точка 5.</u>

Предлог за донесување на <u>закон за ратификација на спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Македонската Влада и Австриската Сојузна Влада,со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доста- вени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Македонската Влада и Австриската Сојузна Влада .

Кој е за молам да крене рака?(64 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (62 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (62 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Македонската Влада и Австриската Сојузна Влада.

Точка 6.

Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за одбегнување на двојното оданочување по однос од данокот на доход

и данокот на капитал со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието во се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

(64 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 2 со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Точка 7.

Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доста- вени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Владата на

Република Полска за поттикнување взаемна заштита на инвестициите.

Кој е за молам да крене рака? (61 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (61 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласањето? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите.

Точка 8.

Предлог за донесување на закон за социјална заштита.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Зибери, министер за труд и социјална политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, пред нас се наоѓа еден системски закон преку кој се тежнее да се изрази со Уставот утврдената позиција на РМ како социјална држава која врз основа на принципот на социјална правда и солидарност треба да граѓаните кои не се во состојба самостојно да ја остварат социјалната сигурност тоа да му го овозможи преку системот на социјална заштита.

Постојниот систем на социјална заштита во најголема мера се темели врз Законот за социјална заштита кој е донесен во 197 8 година, од тогаш па до денес, а посебно во последните шест години во земјава се случуваат бројни политички, правни економски и социјални промени. На политички план РМ станува самостојна држава, а 1991 година донесен е новиот Устав кој како највисок правен акт претставува основа за градење на правен и економски систем.

Во економската сфера доаѓа до трансформација на општествениот капитал од општествена во приватна сопственост. Како последица на големите структурни промени во стопанскиот систем голем број луѓе остануваат без работа, така да во 1989 година во РМ биле вкупно вработени 516 илјади лица, а во 1991 година околу 356 илјади. Значи, се соочуваме со рапидно намалување на бројот на вработените во

државата. Додека во декември 19 96 година, околу 245 илјади бараат работа, односно се невработени.

Негативните тенденции во изминатиот период дополнително се влошуваат поради неповолното надворешно политичко опкружување, како на пример наметнатото ембарго од страна на Грција и санкциите од север од страна на 00Н. Наведените основни процеси во глобалното општество преку промените во локалната заедница оставија последици во егзистенцијата на индивидуите и во односите во семејствата во кои тие живеат. Видливо е зголемување на бројот на граѓани и нивните семејства кои имаат потреба од социјална помош за остварување на животната средина. Според сегашните податоци со кои располага Министерството за труд и социјална политика околу 60 илјади семејства користат ваква помош.

Во истиот период расте и обемот на случаите со другите корисници на социјална заштита. Само за илустрација ќе наведеме дека рапидно расте бројот на децата со воспитно социјални проблеми, рапидно расте бројот на воспитно запуштените деца и без родителска грижа, а во подем е и проблемот околу наркоманијата.

Тргнувајќи од наведените процеси и проблеми, со предлогот за донесување на закон за социјална заштита правиме обид за градење на формална основа која треба да овозможи воспоставување на поадекватен систем на социјална заштита. Овој систем треба на ефективен начин да ги задоволи нараснатите и специфични потреби на граѓаните во оваа област.

Патем да спомнеме дека при изготвувањето на законот користена е странска литература особено искуствата од Англија, Франција, САД како и домашни стручни лица од Факултетот за социјална политика и други лица кои што имаат искуство од оваа област.

IV/9

Преку одредбите на законот се утврдуваат основните принципи на кои се темели системот на социјална заштита во РМ, а тоа се : Системот на социјална заштита е генерален, што значи се однесува на целото население во РМ. Системот на социјална заштита е унифициран, што значи дека е единствен и едноставен во државата. Тој ги исклучува можностите за било каква дискриминација, што значи еднакво е достапен и пристапен за сите граѓани во државата.

И, сосема на крај, врз основа на искуствата и методологијата на работата на европските земји тој е централизиран, што значи државата е основен носител на социјалната заштита со извесни исклучоци каде што, во земјава се дозволува приватната иницијатива и можностите да единиците на локалната самоуправа се вклучат во овој систем.

Оттука дејноста на социјалната заштита е приоритетен интерес за државата, која преку организирана дејност прави напори да го спречи и надмине настанувањето на социјалните ризици кои се јавуваат во текот на животот на поединецот, семејството или група на граѓани односно население. И, како социјален ризик, според овој закон, се подразбира ризикот по здравјето, ризикот по стареењето, ризикот по мајчинството и семејството, ризик на невработеност и професионална неадаптираност и ризик од неадаптираност во социјалната средина.

Според овој закон корисници на социјална заштита се државјаните на РМ како странски државјани со постојан престој во земјава под услови утврдени со закон.

Една од позначајните новини на овој закон е спречувањето и надминувањето на социјалните ризици преку превентивно делување и вонинституционална заштита. Така што со методи на стручна заштита

им се помага на граѓаните, семејствата и групите на население да ги надминат животните проблеми и тешкотии со кои тие се соочуваат.

Законот, треба да истакнеме и тоа, дека предвидува и институционални форми на заштита кои кај нас имаат подолго искуство и кои се применуваат само кога граѓанинот не може да му се помогне преку социјална превенција или вонинституционална заштита. Поаѓајќи од фактот дека секогаш постојат граѓани и семејства кои не се во состојба да обезбедат средства за животна егзистенција, со овој закон се предвидуваат повеќе видови на социјална заштита тоа право на постојана парична помош за лица неспособни за работа и социјално необезбедени по друг основ. Право на социјална помош за лица способни за работа, социјално необезбедени и ова право се остварува со владина програма за социјално загрозено население. Само за ова право преку Буџетот се обезбедуваат средства од околу 100 милиони германски марки. Паричен надоместок и нега за друго лице, право кое почнувајќи од 1995 година се обезбедува за сите граѓани во РМ. И, за надоместок на плата за скратено работно време поради нега на хендикепирано дете право кое по прв пат сакаме да заживее во земјава и преку дополнителни средства од Буџетот треба да го искористат сите родители кои имаат деца со хендикепиран развој, како и еднократната парична помош и помошта во натура која исто така преку центрите за социјална работа му се пружа на луѓе кои во текот на својот живот се во состојба на социјален ризик.

**НАСЕР ЗИБЕРИ: (**продолжение)

Со предлогот за донесување на закон во целот се уредува и прашањето на основање, управување и раководење со институциите на социјалната заштита односно установите за социјална заштита.

Уставните за социјална заштита можат да бидат јавни односно нив да ги основа Владата, како и единицата на локалната самоуправа. Исто така, социјални уставново можат да основаат физички и правни лица во земјата и однадвор, се разбира, под услови утврдени со овој Закон.

Меѓутоа, поради специфичноста на дејноста, како основач на центар за социјална работа и воспитна установа за воспитно запуштени деца, сторители на кривични дела, може да се јави само Владата на РМ. Значи за овие две категории на институции Владата односно Државата има исклучиво право да ги основа. Додека општината има можности да развива форми на социјална превенција и вон институционална заштита, во зависност од потребите на граѓаните, во конкретна локална заедница.

Со установите за социјална заштита управува управен одбор и директор кој раководи со стручната работа со Центарот. Централна установа во овој систем на социјална заштита, секако претставува Центарот за социјални работи.

Во Законот, исто така, се предвидуваат институции за заштита на деца, возрасни и стари лица кои се нашле во заложба на социјален ризик и имаат потреба од социјална заштита.

V/2.-

Доследно на фактот дека Државата е главен носител на социјалната заштита, овој систем во најголема мера се финансира од Буџетот на РМ, со тоа што се дава можност под одредени услови средствата за социјална заштита да се остваруваат и од корисниците подароците, легатите и други форми.

Во посебно поглавје во Законот се утврдува и начинот на остварување на надзорот над законитоста и надзорот на стручната работа. Притоа, надзорот над законитоста ја остварува Министерството труд и социјална политика , додека надзорот за стручната работа, посебна институција а тоа е Заводот за социјални дејности кои стручно е подготвен за ваков надзор. Се разбира со Законот се предвидени и казнени одредби со кои сака да се обезбеди и ефикасно остварување на правата од социјална заштита.

На крај, во делот на преодните и завршните одредби се утврдува режим кој треба да му овозможи на системот на социјална заштита да се реорганизира во согласност со одредбите на овој Закон.

Имајќи ја предвид целокупната содржина на овој закон оценуваме дека со неговото донесување ќе се овозможат правата од социјална заштита граѓаните д аги остваруваат на поедноставен начин, со подецидно утврдување на одредбите се воведуваат нови права во станбените права на станбените односи, вработување на лица кои ќе згрижуваат деца, така наречени домсемејства, надоместок на плата на чување на свои хендикепирани деца како и други права условени во сегашниот степен на развојот на овој степен на државата.

V/3.-

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседатеале, почитувани пратеници,

Моја оценка е дека Законот во целина е добро подготвен и дека во основа нуди добри решенија. Меѓутоа сакам за наредната фаза да се размисли, ако е можно, од страна на предлагачот за две работи.

За правата работа ме тотикна мислењето доставено до сите нас од Клиничкиот центар во Скопје, а тоа е постоењето односно непостоењето на мајчиниот дом, како институција за згрижување н а деца до 3 годишна возраст, која што како институција постоеше до пред 10 години, а сега работи во рамките на Одделението на Клиничкиот центар.

Во тоа мислење јасно се зборува дека Скопје како град кој има 700 илјади жители има потреба од институционанлно згрижување на овие деда до 3 годишна возраст односно да се преиспита можноста дали само во Битола, бидејќи сега таква можност постои само во Битола, како институционално згрижување, додека Скопје останува во рамките на тоа Одделине во Клиничкиот центар без институционално како институција од јавен карактер се реши прашањето на мајчиниот дом односно на згрижувањето на децата од 3 годишна возраст. Значи предлагам да се размисли Скопје како град со 700 илјади жители, да се даде во рамките на Законот можност,а прашањето за згрижување на децата до 3 годишна возраст да се реши во рамките на институција , која без разлика дали ќе бие посебна институција кои ќе биде  во рамките на Клиничкиот центар, важно институционално решавање на овој проблем се разбира како институција од јавен интерес и на товар на средствата на Буџетот на Републиката:

Втората работа е, јас сега не би се впуштал конкретно, но еве нека се уште еднаш размисли за решението што е понудено во членот 134 став 4 во кој јасно е кажано дека еднократната парична помош ја доделува Центарот за социјална работа, а во одредени случаи кога се работи за итност и министерот за труд и социјална политика може да одлучи за давањето на еднократна парична помош. Сега е прашањето, бидејќи во првиот случај кога решава центарот за социјална работа, во второстепената постапка решава Министерството за труд, односно министерот, а сега во овој случај како тоа како постапка би оделе. Прво, дали решението е добро и втори- ако е добро, ако треба така, тогаш како би се одвивала постапката за решавањето бидејќи истиот орган кој решава во втора степен сега му се дава право односно улога да може да одлучува и за еднократна парична помош, се разбира, и таму е речено во итни случаи.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседател, господин министри, дами и господа,

Промената на оштењено политичкиот и економскиот систем на државата, популарно наречен транзиција, покрај другите промени донесе и промена на социјалната карта на државата. Многубројните стечаи, ликвидација на фирми, рационализација на работните места значително го зголеми бројот на корисници на социјална помош.

Од друга страна постоечката законска регулатива во оваа област која датира од 1978 година, и покрај повеќето измени од палијативен карактер дојде во колизија во решенијата во новиот Устав на Државата. Се појави и инкопатибилија меѓу постоечкиот закон за социјална заштита

V/5.-

со новодонесените закони за работни односи и за семејство.

Донесувањето на новиот закон за социјална заштита е неопходна. Законот нуди тотално нов пристап кон разрешувањето на проблематиката од социјалните односи и е во согласност со законските решенија кои ги имаат земјите со развиена демократија.

За разлика од претходното решение новиот закон става акцент на превенција на социјалната сфера. Целта е да не се каска по веќе постоечките проблеми, туку согласно член 5,6 и 9, со преземање на повеќе наброени мерки да се спречи нивно појавување . Секако овој пристап има и големо економско право.

Интенцијата за воведување на најнови технолошки решенија во работењето и информативните системи во центрите за социјална работа, стручното усовршување на кадрите како и подигнување на квалитетот на растењето на центрите во меѓународни стандарди, тоа е согласно член 8 секако е за поздравување.

Институтот за вонинституцијална заштита се појавува прв пат како решение во предложениот закон. Сегашните капацитети за згрижување н а социјално загрозените се пребукирани. Економската состојба на државата е таква што не постојат средства за изградба на нови капацитети. Вонинституцијалната заштита претставува рационално решение. Уште повеќе што ваков института одамна постои и одлично постоти во развиените земји. Од друга страна акви обиди за решавање постоеја и досега во некој центри во нашата држава, но немаат законска подлога и поддршка.

Со член 33 е разрешена дискетанцата која постеше меѓу законот за работни односи и постоечкиот закон за социјална заштита.

Тоа се однесува на надоместокот за нега на хендикепирани деца во чија исплата постоеше правна празнина.

Го поддржува Решението од член 29 , 31 став 3 и член 34 со кое висината на социјалната помош, паричниот надоместок за помош и нега, како и еднократната парична помош не е зациментирана во овој закон тукус е става во ингеренциите на министерот за труд и социјална политика. Ова од причина што оваа висина не е фиксна категорија и зависи од средствата во Буџетот, ако и од бројот на корисниците кои се доста флуидни.

Новина во Законот е и можноста на вклучување на приватната иницијатива за формирање на поедини видови на установи за социјална заштита. Ова е во согласност со општите тенденции на развојот на државата. Меѓутоа сето тоа треба да биде во ограничен обем, така како што предвидува предлагачот во став 3 од член 48.

На крајот би сакал да кажам неколку збора за еден проблеми кој не е инкорпориран во Законот, а се надевам дека секако ќе биде апсолвиран во подзаконските акти кои би следеле по усвојување на Законот. Се работи за работното организирање на корисниците на социјална помош.

На овој проблем се забележуваат доста девијации со кои со право предизвикуваат револт кај одредени групации на граѓани.

За прв пат во 1996 година во рамките на Програмата за заштита на социјално загрозено население, изготвен од Владата на РМ беше донесена одлука за критериуми, нивоа, начини и постапка за утврдување и остварување на социјална помош во рамките на оваа одлука член 16

став 1 е утврдено кои категории на корисници на социјална помош можат да бидат работно ангажирани и до тука се е во ред се додека не се почна со имплементацијата на оваа одлука. Имам впечаток дека ниту во една општина не е отидено подалеку од пишувањето на Програмата.

И покрај отпорот надлежните служби треба да одат ригорозно во работното ангажирање на одредени категории на социјално загрозени лица, онака како што е дадено во одлуката. Нивното работно ангажирање е и во корист на државата.

Голем проблем постои при утврдување на вистинскиот број на лица на кои им е потребна социјална помош. Денес социјална помош земаат лица кои во амбарите поседуваат трактори, во трлата и по 1000 овци и лица кои возат приватни коли.

Додека на поголема група граѓани социјалната помош и претставува единствен извор на егзистенција, за помала група таа претставува додатен извор на џепарац. Има конкретни случаи, поготово во мојот град во градот Велес кога при инспекцијата од страна на вработените во центарот за социјална заштита при влегувањето во селото од едната страна во селото влегуваат вработените а од другата страна се појавува протесна ситуација, излегува цел конвој од комбајни и трактори на граѓани на оваа држава кои примаат социјална помош.

За утврдување на фактичката состојба е потребна поголема мобилност и кооперативност помеѓу повеќе субјекти на Државата. Затоа не би требало да се случи на барање на центрите за социјална заштита, Службата за катастар да не води евиденција за изградените викендички, или ако води да не ги дава на увид' на центрите за социјална заштита,

Заводот за платен промет да не дава податоци за лицата кои поседуваат фирми. Службата на внатрешни работи да не ја дава на увид евиденцијата за регистрираните и не поседување авто- мобили. Подрачните единци на Министерството за финансии недоволно ажурно да не ги регистрираат помрените во однос на семејно матери- рално состојба на граѓаните.

Постои можност во дел од овие примери да постојат објективни, законски пречки. Но, сигурно има удел и субјективни примери,.

Секако како проблем се јавува и имплементацијата на одлуката за работно ангажирани граѓани како и на утврдување на вистинскиот број ан корисници во новите општини кои сеуште некомплетно функционираат.

Потребно е во блиска иднина додатно ангажирање на субјектите на локално ниво за заживување на законските решенија, се со цел за правилна распределба на социјалната помош на оние на кој им е најмногу потребна.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Г-дине претседателе,дами и господа пратеници,

Во поддржувањето на донесување на овој Закон односно на фазата за предлог на донесување на овој закон неодминливо се јавив за дискусија и да се осврнам на неколку моменти што од состојбата за социјалната заштита во досегашното спроведување на претходниот закон беа по мои сознанија евидентни и кои со овие законски решенија и интервенции и забелешките што сакам да ги предложам за предлагачот, да биде една организационо правна претпоставка за дорегулирање за

спречување на одредени состојби кои во постариот Закон, во неговото спроведување беа присутни.

Најпрвин сметам дека овој предлог за донесување на закон ги исполнува критериумите за регулирање на односите во социјалната сфера, како во поглед на јавниот карактер на социјалната дејност во спроведувањето на социјалната заштита. Мислам дека тоа е неопходно во остварувањето на социјалната дејност со оглед нејзиното значење и сигурно афирмацијата на институциите семејство и на поединецот граѓанин како основни субјекти на социјалната заштита која фигурира како основни решенија во содржината на овој закон.

Од сознанијата и до искуството сметам дека најекплоратиран социјално право ќе биде правото на социјална помош на лица способни за работа а социјално необезбедени. Тоа е онаа категорија на лица невработени кои, иако работоспособни немаат социјално обезбедување и ако поединци и на ниво на институција семејство.

Во членот 29 каде што е регулирано ова право на крајот од одредбата стои дека условите, обемот и траењето на остварувањето на ова право ќе се определи со акт на Владата, како што го кажа и министерот во своето излагање.

Баш поради делегираноста и условите за регулирање и на условите и на обемот и на траењето, ако забележавте во уреденоста на другите социјални права, истите се со овој Закон уредени и условите и обемот и траењето на задоволување на истите, а во ова право, тоа е онаа парична социјална помош по програма на Владата кое е најискористувано од категоријата од социјално загрозени граѓани се остава да се делегира уредувањето на условите,обемот и траењето на остварувањето на ова права со акт на Владата

**ПАНЧО МИНОВ**: (Продолжение)

Сметам за потребно, согласно досегашните сознанија и пракса дека барем во делот на регулирањето на условите, како што стои во уредувањето на постојаната парична помош со закон да се регулираат условите за остварување на ова право, да не се дерогира и уреденоста на условите со акт на извршната власт, односно орган. Од кои причини? Од причини кои што во практиката се доста присутни по реагирањето на граѓаните, а тоа е дека со подзаконски акт, односно со акт на Владата доста начелно се регулираат некои услови за извршителите во фондовите за социјални работи, дискреционо по слободна оценка во одредени случаи да ги задоволуваат, однос не ги задоволуваат некои права на граѓаните кои што ги исполнуваат условите за користење на социјална помош. На пример толкувањето на категоријата на домаќинство овде сега фигурира институтот семејство. Ако се забележи во членот 24, како семејство, согласно Законот за семејство, се дефинира заедницата на родители и деца и тука сега продолжува една начелна определба и другите роднини кој што меѓу себе имаат право и обврска на заедничко живеење и на тоа заедничко живеење и издржување. Најмногу овде се јавуваат и; проблемите на граѓаните во однос на остварување на тоа право, сигурно дека така сфатено категоријата на семејството ќе биде поместена и во програмата на Владата за остварување на категорија на социјално загрозените лица како способни за работа, а социјално необезбедени и овде ширињата на сфаќањата на категоријата на семејство дава една слободна оценка, а по некогаш и неправда од извршителите во центрите за социјални работи за пошироко толкување на семејството во однос на заедничкото живеење, дека ете одредено семејство кое го сочннуваат родители и

деца нема никакви приходи и се социјално необезбедени да се толкува дека ете по основ на родителите или по основ на заедничко живеење со роднини истите не го исполнуваат условот за доделување на ова право и овде се и најчестите реагирања и случувања на неправди кога граѓани кои инаку ги исполнуваат условите за доделување на правото на социјална помош, способни граѓани за работа, а социјално необезбедени.

Мојата сугестија и забелешка е до предлагачот во изготвувањето на Предлогот на законот да се направат напори да се дефинираат како и во социјалната парична помош, законски да се уредат условите за стекнување на ова право што е регулирано во член 29 за да се надминат слободното оценување на непосредните извршители на центрите за социјална работа при остварување на ова право, ќе повторам кое е најмногу искористувано од социјално загрозените граѓани. Во тоа треба прецизно да се дефинира што претставува по законско уредување категоријата на семејство, согласно законот за семејство и како институт по тој основ стекнување на ова право на лица способни за работа, а социјално необезбедени. Во оваа насока треба да се предвиди и регуларноста на социјално загрозени вработени лица. Ние имаме состојба во многу претпријатија кок што иако има вработени лица, по неколку месеци, а во некои и со години, не земаат плата и други надоместоци, така да во ова уредување на условите да се предвиди и таа категорија на социјално загрозени граѓани, кои иако вработени подолг период не земаат плата и други надоместоци.

Една друга забелешка која што е упатена во однос на заштитата на правата од социјална сигурност, тоа е една постојана практика на незадоволување на барањата на граѓаните за социјална заштита,

второстепената постапка од реагирања на граѓаните има сознание дека е неоправдано многу се одолжува. Овде во законот стои дека истата се врши по законот за општо управна постапка и сметам за потребно до предлагачот да упатам една забелешка со конкретен предлог да се регулира рокот за изјаснување на второстепениот орган по однос на донесувањето на одлука во второстепена постапка до министерот за труд и социјална политика. Едно прашање кое исто така го покрена претходниот дискутант во делот на социјалната парична помош. И постојниот закон и овој закон регулираат една недефинираност на износот на еднократната парична помош, која исто така е многу искористувано социјално право и предлог е до предлагачот мислам дека и тоа и нив ќе им ја олесни работата, бидејќи и самиот министер има надлежност за доделување на еднократна парична помош. Јас се согласувам дека има и такви случаи кога треба министерот да врши доделување да се дефинира барем до висината на постојаната парична помош која што ќе ја одреди во износ еднократната парична помош која тука сега е недефинирана и е кажано дека со акт на министерот ќе се регулира. Едно исто така непотребно делегирање на многу битно социјално право од законска регулатива во регулатива на подзаконски акт.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас ќе настојувам да бидам краток, бидејќи ние како Комисија аз труд и социјална политика го разгледувавме овој Предлог закон, дури на ниво на нашата област имавме мало советување на кое советување учествуваа сите компетентни лица и стручњаци и дадовме одредени предлози и сугестии во однос на надминување на одредени проблеми и подобрување на текстот на законот, така да во тој дел мислам дека нема повеќе што да додавам или да одзема14, освен да констатирам дека се работи за еден квалитетен закон, закон кој одговара на состојбите во РМ

и е во склоп на сите модерни закони за социјална заштита кои се однесуваат на европско ниво. Меѓутоа, морам да кажам дека овој закон до крај е во функција на член 1 од Уставот на РМ на член 34 и 35 во кои државата презема обврска да обезбедува одредена социјална сигурност ан сите граѓани кои се нашле во положба од социјална потреба, поради некој ризик, еве ние во член 4 тука веќе утврдивме дека тоа е ризик и во тој однос овие граѓани веќе според овој закон можат да се чувствуваат побезбедни во државата, бидејќи државата ги обезбедува со одредени материјални и друг вид услови за нивната егзистенција, односно лична и семејна егзистенција.

Лично можам да го поздравам овој закон и неколку норми кои претставуваат, да не кажам еден посебен квалитет, а се однесуваат на тоа што за прв пат во законот поведуваме институт домување, односно обезбедување на станбени услови за социјално загрозено население. Ако се сеќавате почитувани пратеници, јас во неколку наврати дискутирам и правен напори овој институт да влезе во другите институции, на другите законски проекти кои ги регулираат овие прашања, меѓутоа, еве државата односно Владата заедно со Министерството за труд и социјална политика се определи овој институт да го смести во рамките на овој закон за социјална заштита, што аз поздравување и мислам дека ако некој проблем моментално постои во РМ како нерешен проблем, тоа е категоријата на социјално загрозените семејства, на кои воопшто не им е решено станбено прашање, а тука сигурно мојот пријател Фаик Абди за тоа ќе ме поддржи, заради тоа што и во неговата средина има низа такви проблеми кои тој на многу состаноци ги инсистираше. Еве ние сега, како првично, но и како законско

решение во Законот тоа решено и мислам дека во зависност од материјалните можности на државата постепено ќе се разрешуваат и овие станбени проблеми на граѓаните во РМ, тоа е сепак за едно големо поздравување.

Второ, мислам дека што за мене претставува исто така еден голем квалитет, што се дава можности во оваа област да се обезбеди и приватна иницијатива. Еве и во сите дејности и во здравството и во образованието и така натаму ние обезбедувавме законски проекти дека можат одредени приватни субјекти да создаваат услови за отворање на одредени институции во кои институции ќе имаме сместување и заштита на сите овие категории. Тоа се размислува аз деца без родители и родителска грижа, за стари лица и за хендикепирани. Тоа е една огромна категорија која може да ги користи овие услови и добро е тоа што Министерството наше за труд и социјална политика предвидело дека условите и критериумите ќе бидат обезбедени исклучиво преку Министерството, бидејќи тие треба да бидат под една контрола заради тоа што треба да ги обезбедат сите нормативи и стандарди во однос нас работењето на овие институти. И добро е тоа што се дозволува во законот да можат веќе локалните единици, односно таканаречени општини во претходниот закон да можат и тие сега по своја иницијатива да создаваат вакви институти. Тоа мислам дека е доста позитивно, добро е да овие локални самоуправи имаат повеќе средства да можат да ја финансираат оваа форма, меѓутоа, форма како форма е нормирана во самиот закон и таа постои. Вонинституционалната заштита еве за сега веќе ја нормираме во законот за социјална заштита, добро е тоа што Министерството предвидело, бидејќи верувајте дека науката досега потврдила дека децата кои што се сместуваат во домовите, сепак интелектуално заостануваат во однос на децата кои с есместуваат во

определени семејства. Да не зборуваме што значи тоа семејство, што значи таа комуникација и тн. и тн. Ова што се покрена од 2 пратеници, бидејќи работам во таа област само малку да објаснам само дека невработените лица работно способни не ќе можат да се регулираат конкретно со утврдена норма во овој закон, бидејќи тоа е голем ризик за државата. Ако ние како државата го предвидиме тоа дека тоа право го обезбедуваме со овој закон, а не го утврдуваме со посебен акт, на Владата односно на Министерството, правиме голема грешка. Тогаш ќе направиме голем товар на државата и јас верувам во таа ситуација државата не ќе може да ги следи сите потреби што ги нуди законот, односно што ги регулира законот. И добро е тоа што е флексибилно дозволено и мислам дек решението што го дава Владата е многу попродуктивно и многу поквалитетно дека во определени години, односно во определени периоди, според определена појава односно потреба Владата одлучува со определен акт, а тоа е одлука, па дури и може да биде и програма која поблиску ќе ги регулира односите во оваа област. Тоа значи и за висината на помошта и тн. и тн., бидејќи со законот не смее тоа да се утврди. Затоа ќе се направи голема грешка. На крајот да ви кажам дека моето размислување и убедување е дека се работи аз еден квалитетен закон, да му дадеме поддршка за неговото донесување и сепак да предложиме овој закон да оди во две фази, бидејќи законот е доста познат, имавме и претходно определени закони, с сеќавате вршевме определени измени и дополнувања, на законите, тоа е сместено во овој закон и во таа смисла добро е Министерството овој закон да ни го понуди со предлог закон во рамките на овие два месеца, така од јуни месец веќе

имаме еден прав закон со кој ние ќе работиме, односно граѓаните ќе ги користат сите права и ќе ги знаат критериумите за остварување на доредени права. Јас го поддржувам решението на овој закон.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници јас излегов да го подржам овој закон од проста причина е пред се еден современ закон кој како што рече и министерот и некои дискутанти дека токму се совпаѓа во рамките на онаа идеја за Македонија како една социјална држава, како една современа држава, меѓутоа, би сакал да кажам исто така неколку елементи кои се многу битни а кои произлегуваат од самиот закон.

Пред се, законот поаѓа од позицијата на индивидуата.

Овој не е закон само за сиромашните, овој закон е за сите граѓани на РМ, што всушност може да се заклучи од самата дефиниција што е тоа социјална заштита, што и министерот ја истакна, всушност превентивата, односно превентивниот аспект на законот, поаѓа од фактот дека социјалната заштита се појмува пред се како форма на спречување на ризикот. Ризикот денес може да биде по секоја основа, било да се работи за болест, било за стареење, било да се работи за губење на работа и тн. Значи, овој закон според тоа влегува во нешто што можеби за првпат е мошне значајна новина во нашиот систем, ја утврдува превентивната функција на самиот закон. Од друга страна, самиот закон покажува дека трудот не секогаш може да биде единствен извор на приходи. Имено, постојат луѓе кои не се во состојба, по пат на работа или поради неспособност или поради неможност да остваруваат приходи и во таа насока тие се наметнуваат кон државата, водени од

една ментално психолошка состојба која ние ја нарекуваме сигурност, се наметнуваат како побарувачи од државата таа да ги заштити. Со овој закон всушност ќе бидат заштитени сите оние луѓе кои што по пат на работењето не можат да остваруваат приход. Секако за тоа постојат одредени норми.

Исто така, законот поаѓа од една карактеристика а тоа е дека основен носител на целата акција е Министерството, односно државата. Државата е држава за која ние сеуште зборуваме теоретски, но која што еден ден ќе мора исто така да ја воспоставиме и во овој наш простор. Инаку, беше веќе збор и за некои манипулации и тн. мислам дека денеска не е простор за таква работа, бидејќи само дел од овој закон се занимава со социјалната помош, со како што рече мојот колега Милчо центри за социјална работа. Во рамките на центрите за социјална работа само ќе се остварува дел од активностите кои ги регулира овој закон. Меѓутоа овој закон еден мошне глобален закон, од друга страна мошне функционален и тој всушност е зачеток според мене на еден исто така мошне сериозен зафат кој што не очекува во доменот на приватизацијата на социјалното осигурување, кој што за тој домен мошне малку зборувавме, денеска сеуште живееме во рамките на овој генерален режим на социјално осигурување, меѓутоа, веќе овој закон ни дава можност да размислуваме за приватизација и на овој домен што всушност од своја страна ќе донесе еден мошне позитивен фит бег во смисла на поголема сигурност, односно социјална сигурност на граѓаните на РМ. Во таа насока истакнувајќи го уште еднаш значењето на предлогот на овој закон, а се надевам и на неговото донесување се залагам и го давам мојот глас, моето позитивно мислење за овој закон и

сметам дека тоа ќе значи уште поголемо доближување до еден систем кој што ние денеска го викаме европски социјален систем кој што се надевам и ние еден ден ќе партиципираме.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, јас би сакал со неколку збора да се осврнам на оваа прва фаза од Законот за социјална заштита и со оглед на фактот дека на некој начин сум инволвиран и покрај мојот лекторат и директно и запознат со работата на институцијата мајчин дом која претставува организациона единица во делот на Клиничкиот центар во град Скопје. Морам да кажам дека со новиот предлог на законот дека овој сегмент од таа социјална заштита и здравствена заштита на една категорија на здрави и хендикепирани деца, тоа се новороденчиња, доенчиња и мали деца до три годишна возраст апсолутно или скоро со многу малку е опфатено со новиот предлог кој е во прва фаза со овој закон. Морам да кажам дека институцијата Мајчин дом егзистираше до 1988 година и како таква стекна голема афирмација во градот Скопје па и пошироко, но да се потсетиме со одлука на тогашното Градско Собрание на Република Македонија се укина таа институција како институција исклучиво Мајчин дом за заштита на оваа категорија на граѓани на град Скопје, а потоа подоцна беше вклучена како организациона единица во Клиничкиот центар односно во делот, или склопот на ортопедската клиника. Во сегашните услови оваа организациона единица Мајчин дом практично е искористена некаде 80 до 90%,или постојат моментално 25 кревети кои се наменети за ваква категорија на граѓани, тоа се значи новороденчиња мали деца до двегодишна возраст, доенчиња хендикепирани појави во својот развој. Морам да кажам дека во досегашната работа оваа институција навистина покажа одлични резултати во кои се вклучени голем број на стручни кадри, голем број на лекари стручњаци од Ортопедската клиника па и пошироко кои обезбедуваат и успеваат да

обезбедат здравствена и социјална заштита на оваа категорија на мали деца. Во оваа смисла сметам дека треба во втората фаза овој закон да се позанимава со овој проблем односно да овозможи формирање на некаква јавна институција за социјална и здравствена заштита да ваквата категорија на деца, тоа се новороденчиња, доенчиња и мали деца до 3 години. Што значи дека ваквата институција би можела и сега да остане како сегашната концепција да остане во склопот на клиниката во град Скопје, односно во склопот на Ортопедската клиника со тоа што јасно би се прецизирал начинот на буџетското финансирање на ваквата институција односно таа би била сепак на буџетот. Во оваа ситуација каде што таа институција се финансира исклучиво од Клиниката од град Скопје односно Ортопедската клиника јасно е дека од хроничен недостаток на средства во здравството практично се појавуваат и тие економски и социјални проблеми посебно финансирањето во оваа институција. Во таа смисла предлагам промени, или измени на членовите 7 3 и членот 74. Односно во членот 73 да се додаде нова алинеја каде што јасно ќе стои дека Клиничкиот центар се организира со организациона единица за сместување на доенчиња и хендикепирани деца до 3 годишна возраст. И нормално логично на тоа членот 74 во алинеја 3 да гласи: "згрижување на децата и младинци од став 1 на овој член се врши во установи за доенчиња и мали деца до три годишна возраст и установи за деца и младинци на над тригодишна возраст како и во Клиничкиот центар со организациона единица.

Во членот 105 секако дека средствата за финансирање би требало да бидат од Буџетот на Република Македонија од аспект на сигурно финансирање на една ваква институција. Ќе повторам ова е една обврска која сакам да ја прикажам пред вас, односно и пред јавноста

дека ваквата институција апсолутно треба и понатаму да постои како што е наменета и треба јасно да се дефинира во новиот закон во втората фаза, па и завршната фаза од каде ќе се финансира и да се прошири нејзината дејност од аспект на стручноста и условите за работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Димитар Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, кога дискутираме за една ваква осетлива сфера сега социјална заштита не можам да се одвојам од мислењето дека мораме да имаме една поширока платформа на гледање во областа на таканаречена социјална безбедност. Ова го велам затоа што имам во вид дека системот на социјална безбедност е еден покомплексен систем во кој што социјалната заштита претставува само еден дел на тој систем социјална безбедност и не може да се гледа ниту да профункционира така благотворно ако не се има во предвид и другите сектори на системот социјална безбедност, а тоа се невработеноста, социјалното осигурување, односно здравственото осигурување. Ние со терминот социјално сакаме да покриваме се а правилниот термин е здравствено осигурување и четвртиот систем инвалидско-пензиско осигурување. Сакам да речам кога носиме закони од сиве овие сфери четири потсистеми на системот социјална безбедност мора да постои една општествена поширока конвенција на сите политички фактори во Републиката како нивна политичка волја, а таа пак не може да биде волонтаристичка и провизорна, туку мора да фундира врз некои постулати, параметри, или репери што може секако да ги обработат само една висока стручна и професионална институција како што е Институтот за научно-истражувачки работи во социјалната сфера. Што сакам да кажам? Кога натака ќе ги носиме и законите

покрај овој и другите закони од системот на социјална безбедност имам мислење дека Владата треба да си нарача еден научно истражувачки проект за социјална политика на општество" во транзиција, кон пазарна економија, цивилно општество и правна држава. Ете тоа е еден проект. И втор проект, проект за демографскиот развој на политичката заедница односно државата. Без овие два проекти мислам дека ние ќе нудиме решенија, меѓутоа секогаш тие решенија ќе имаат во себе си недостатоци, празнини и ќе ни создаваат проблеми во практичниот живот затоа што се работи за една многу осетлива сфера поготово што сме општество во транзиција каде што оваа проблематика е проблематика број 1. Имено не може да не се види ниедна политичка сила во државата, не може да не идентифицира дека денеска имаме 230 и кусур илјади невработени и 120 илјади стечајци што претставуваат еден нус производ на процесите на приватизација што се одвиваат во нашата држава. Лично кога го гледам овој закон имам убедување дека решенијата се добри, меѓутоа апострофираме и беше речено дека се фалиме, дека еве имаме и плурализам во сопственоста на социјалните установи. Значи државни, еве и приватни. Тоа навистина е така на изглед кога ќе се гледа како политичко решение добро, е ние сме демократска плурална земја и плурализмот ни претставува наша ориентација и имаме такви установи. Меѓутоа кога ќе почне практичното функционирање на истите ќе се соочиме со следниот проблем. Имаме монизам на финансираше. Од кои извори ќе се финансираат тие? Тие ќе се финансираат од државниот извор. Што од тоа ќе произлезе. Ќе произлезе државните, јавните институции финансирани од буџет да бараат средства, а исто така и приватните можеби ќе има, не негирам донаторство и тн. на тие. Исто така ние само ќе го зголемиме бројот на вработените во тој сектор и ќе имаме проблеми. Зошто ви го велам ова? Ова ви го велам од тоа што покажа самата пракса во здравството. Во здравството исто така имаме плурализам на сопственост на здравствените институции во здравствена

мрежа. Меѓутоа, во практичниот дел постои монизам. Еден е изворот на финансирање. Кој? Фонд за здравствено осигурување. Ние имаме развиено комплетно моделот и ни функционира во мрежата еден модел во финансирањето друг модел. Не се компатибилни и не се комплементарни и продуцираат проблеми во материјалната сфера како на пример во здравство. Вистина имаме како фискална институција фонд за здравствено осигурување, но зошто реформата не ја почнуваме да напра- виме и плурално осигурување, да постои фискално осигурување за основна здравствена заштита, а осигурување на здравјето во некоја приватна институција за осигурување. Истиот овој модел и тука.

Ние кога зборуваме за целокупниот систем на социјална безбедност сакам да укажам на следното. Кога се работи за изворот на средства дека како Парламент и како Влада пропуштивме една историска шанса и направивме една неправда делимично, а таа е во следното. Ние рековме во процесот на приватизација на капиталот 15% од приватизираниот капитал како средства ќе го населиме каде? Во Фондот за инвалидско - пензиско осигурување, а во другите фондови за здравствено осигурување, не. Нели и тие луѓе што останаа без работа, или што станаа стечајци беа творци на капиталот што се продаваше. Направивме еден позитивен потег во секторот на пензиско - инвалидско осигурување, но го заборавивме секторот на здравственото осигурување. Тоа сакам да кажам. Државата кога води политика на социјализација тоа што значи дека дотура во буџетските средства пари во оние фондови преку кои што сака да ги решава социјалните прашања. Во конкретниот случај ние имаме здравствена заштита во областа на социјалните установи, во областа на социјалата. Се поставува прашањето дали државата ќе врши социјализација односно дотур на средства за здравствена заштита во Фондот за здравствено осигурување за обезбедување на здравствена заштита на оваа категорија на граѓани.

Зошто? Затоа што ако пред три или четири години социјалната функција што ја обавување на пример Фондот за здравствено осигурување сега не може да ја обавува затоа што проблематиката што ја финансира обемот на проблематиката што се финансира е двојно, тројно, или повеќе бројно поголем. Бројката на социјалните случаи е зголемена, не е како пред три, четири години. Ова сакам да го кажам во делот кога се конципира буџет на трансфери на буџетски средства на сопствените институции. Или видете со кој проблем ќе се судриме натаму пак во социјалната сфера. Ние сега имаме невработени, имаме стечајци, развојниот циклус ни е слаб во смисол на апсорција на оваа работна сила во сферата на производството ние имаме еден природен прираст на невработени. Ние ги броиме само луѓето што ја изгубиле работата и станале стечајци. Ние имаме природен прираст на невработени. И што ќе се случи. Ќе наполни човек 35-40 години не работел, ќе дојдат 65 години нема услови за пензија. Така што ќе бидеме принудени да воведеме во социјалната сфера и некој облик на народни пензии за младата генерација ако не успееме да ги решиме проблемите од оваа сфера.

И да заклучам,се залагам за изработка на проект во смисол на социјална политика во услови на транзиција кон пазарна економија правна држава и цивилно општество. Исто така во тој смисол Владата да биде нарачател и на проектот за демократската политика во Република Македонија за да можеме сиве овие комплементарни прашања на целиот систем на социјална безбедност кој се состои од многу чувствителни уште три системи во нив здравственото осигурување, обезбедувањето на невработените и пензиско - инвалидското осигурување.

Уште нешто сакам да кажам овде се предвидува можеби по аналогија како размислување завод. Јас не знам кога зборуваме дека администрацијата во државата ни се зголемува и дека тој претставува трошковен дел на буџетот дали има потреба, или дали ќе може еден

завод да во себе си содржи таква структура на стручњаци што ќе може да прави научно истражувачки проекти во обласа на социјалната сфера, или пак за тоа треба Владата да си прави нарачка на проекти во веќе постојните институти на факултети.

Трето, во кадровската структура на установите за социјална заштита. Оваа кадровска структура што се предвидува мислам дека не ќе може да одговори комплетно на задачите. Јас од праксата тоа ви го кажувам: Треба да размислите и за тоа дека треба да има и од медицински профил тука, лекари треба да бидат тука вработени. Затоа што има многу проблематика во таа сфера со кои што и покрај сите знаења и умеења на сите работници од социјалната сфера што се не можат да ги идентификуваат и да понудат адекватни решенија.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претсдателе, почитувани министри и пратеници, го прифаќам предлогот за донесување на закон за социјална заштита и предлагам истиот да се донесе што е можно побрзо. За два три месеци, а не цела година? Зошто? Затоа што овој закон има посебно значење за граѓаните кои во овие тешки денови низ кој минува Македонија единствен извор аз егзистенција им е социјалната помош, а неа денес ја примаат огромен број на невработени граѓани, граѓани што останаа од разни причини без работа, инвалиди, самохрани мајки, деца сирачиња и кои не други категории на граѓани што користат социјална помош. Во изминатиот период често пати политиката на социјална помош што ја спроведува Владата на Република Македонија преку своето министерство на чие чело се наоѓа господинот министер Насер Зибери се критикуваше се бараше оваа помош да се укине и наместо за преживување на граѓаните што ја уживаат таа помош средствата да одат за отворање на затворените претпријатија и вработување на невработени граѓани.

VII/8

Господа пратеници, јас ја прифаќам таа теза и мислам дека нема невработен граѓанин во Македонија што не би го сакал тоа. Што ќе биде со луѓето корисници на оваа помош? Каде ќе се најдат тие што ја користат оваа помош? Јас би рекол никаде, на улица, или да станат просјаци. Господо, ретки се граѓаните кои користат социјална помош што не се срамат што станале корисници на таа помош. Меѓутоа, што да прават, горе високо, доле длабоко.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (продолжение)

Инаку, предложениот закон е добар. Дава добри решенија за сигурноста и заштитата на граѓаните кои се нашле на такво дереџе. Мислам дека овој закон, како што рече Г-динот Бранко Арсовски е подготвен по моделите на Европа. И јас, и сега и кога ќе се донесува, ќе му дадам целосна поддршка.

Моите забелешки на текстот на понудениот закон се однесуваат на некои присутни проблеми во сферата на социјалната помош на релацијата село - социјална помош.

Имено, социјалната помош тешко доаѓа меѓу селаните. Тоа е една голема вистина. И меѓу бедните селани и меѓу нивните членови кои се нашле во состојба да бараат социјална помош. За мене нема никаква логика тешките инвалиди од село или лица со разни мани да не можат да користат социјална помош бидејќи нивните родители имаат земја.

Господо, можат ли тие родители со 80 или 90 години да ги издржуваат своите чеда со таква судбина? Некој ќе рече тие можат да живеат од земјата. Од која земја? Од тие два-три хектари што ги имаат луѓето? А, кој да ја обработува таа земја? Може ли селанец со навршени 80-90 години да ора, сее, жнее да копа или со- бира репа, тутун и која не друга култура?

Од тие причини барам при решавањето на овој присутен проблем меѓу селаните да им биде посветено посебно внимание при донесувањето на законот или во комисиите или во самото министерство за труд и социјална политика.

Инаку, жал ми е што тука го нема пратеникот Милчо Трајков со кого не се согласувам со сето она што го кажа за селаните дека тие на нечесен начин земаат социјална помош. Не знам дали има некаде селанец со илјада грла овци или три комбајни и трактори да зема

социјална помош. Мислам дека е срамота да се кажува така. Социјалната помош за селанецот е срам и ја бара и зема од немај каде. Сметам дека со оваа дискусија уште еднаш се бара селаните да бидат надвор од социјалната заштита во нашава држава. По бркањето од Буџетот, кога ги скинавме премиите за сите земјоделски култури, кога ги скинавме регресите и субвенциите сега треба да ги истераме и од нашава политика за спроведување на оваа социјална помош. Уште ли селанецот ќе биде селанец во таа негативна смисла на зборот селанец, прост и остајте го за никаде нека биде, а не човек што произведува евтина храна за секоја трпеза?

Јас морам уште еднаш да ја повторам вистината дека меѓу многуте занимања, иако селанецот е ставен на претпоследно место, тој е и натаму најчесниот човек. Нема почесно занимање од занимањето производител на храна. Мислам дека во нашава држава додека има земјоделци за неа ќе нема страв од глад.

На крајот нешто и за навалата на некои скопски пратеници за растурање на Домот за доенчиња и мали деца во Битола и формирање посебен дом во Скопје. Господо, оваа политика е присутна одамна во нашава држава, и во стариот систем, а сега продолжува и во новиот систем. Сега се сака дури да се стави остварување на таа нивна желба преку Законот за социјална помош.

Гсоподо, мислам дека е доста се да се гради во Скопје. Оставете нешто и за Битола и за другите градови во Македонија. Скопје не е Македонија.

Господо, во Битола близу половина век работи Домот за доенчиња и мали деца. Тој се докажа со својата работа и нему мора и натаму да му се дава поддршка и помош за уште подобри резултати.

Формирањето на ваков дом во Скопје значи затвораше на Домот во Битола. Јас сум против внесување некоја посебна одредба со која што ќе се регулира ова прашање. Домот во Битола мора да постои и ќе постои.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господин Фаик Абди има збор.

**ФАИК АБДИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, госпоро министри,

Јас верувам, ако по оваа материја расправавме едно 15-20 дена пред избори, овде не 120, туку ќе имаше 119,9 пратеници, заради тоа што ако се сеќавате на митинзи скоро сите партии ветуваа и брашно и шеќер и облека и куќи и што знам уште што ветуваа. Па дури пиво од Бугарија, па не знам од каде, да не зборувам.

Денеска, кога тоа ветување што го кажавме пред луѓето, за кое што треба да разговараме овде, да ги отвориме очите, нас не нема овде. 50-60 души од вас се собрале. Мислам дека треба да ни е срам од ова.

Овој закон што го предлага Владата, малку сум прозван од страна на мојот пријател Бранко, претседател на Комисијата за социјални прашања, не е лош, добар е, но не знам каков закон да донесеме, незнам колку поволен закон да донесеме, се знае дека бројот на невработените, бројот на случаите кои што бараат користење на социјална помош ќе биде секогаш голем. Секогаш ќе расте се до оној момент кога организациониот состав на нашиот капитал во Република Македонија ќе биде во многу поинаков, него што е сега, старо железо.

До оној момент кога патиштата ќе бидат отворени нашиот пласман ќе биде  многу многу подобар отколку не овие сега, до оној момент кога по другиот закон што ќе разговараме, тие што се над 25 години ќе ги отпуштиме нив да седат под Заводот за вработување таму, да се јавуваат на секои 30 дена, ќе добиваат 50% од нивниот личен доход сега што го примаат итн., тоа значи голема социјална тензија.

Да ви кажам, ништо не е чудно. На разговор во една држава каде што бев пред некој ден, четири - пет дена најмалку од 18 земји од централна и југоисточна Европа ја кажаа ситуацијата исто како кај нас, односно бетер од нас, уште полошо од нас. Верувајте. Таква ни била среќата. 50 години чмаевме во еден систем, 50 години се водело нешто, било подобро, а сиромаштијата вели дека тој систем бил подобар него сега што е, заради тоа што се обезбедувало на икс начини икс пари итн., и наместо на оваа машина да работат 5 души работеле 15 итн. Било подобро.

Но, гледано математички, односно економијата не кажува така. Компатибилноста со Запад е сосема поинаква. Сакам овде да кажам нешто што би требало да претставува една одлика на тие работници што работат, како на пример г-динот Бранко во Центарот за социјални работи и некои други луѓе, затоа што длабоко сум убеден дека во тие центри за социјални работи треба да работат хумани луѓе, а не луѓе кои се однесуваат џандарски и не знам како. Таму треба најхумани луѓе да работат, да го разберат човекот во каква положба се наоѓа, да сочувствуваат со него за да му помогнат.

Во првиот мандат, некаде 1992-1993 година, тука седев до г-динот претседател Киро Глигоров, итно ни јавија изгоре една барака во Штип. Брзо, со два-три министри отидовме таму, видовме стварно изгоре и

треба да се помогне. До ден денес нема маправено. Е сега за изборите бараат да им кажам,гласајте за фиљан партија. Како да им кажам? Јас им кажав, ама тие не ме слушаат. Значи, пак она преескa што го реков, не е само изборите кога ќе бидат па да им ветиме на луѓето, аман, дајте ги гласовите за нас и за нас најбедниот, најсиромавиот, мрсулавиот до тука да ми простите, глас е тоа. Еден глас повеќе е победа. А сега, кога разговараме токму за тој што го имаме гласот негов.

Многу се зголемува бројот на луѓето кои потпаднаа под оваа голема беда со завршени школи, факултети, виши и високи школи и факултети. Се знае зошто. Никој никому не треба да пере мозок овде и да му каже не е ова вака не е ова така. Се знае зошто. Никој никому. Ние знаеме што е. Но, има некои недоследности меѓу нас во државата овде. Јас би молел Министерството за труд и социјална работа да го земе тоа во обѕир.

Тоа што е инкорпорирано во Законот околу становањето, да не биде како едно време станови за работници со ниски лични примања, а пред становите само коли. Какви станови за работници со ниски лични примања? Тоа било нешто друго.

Најмодерната болест и најстарата односно занает, просјачењето и она другото, проституцијата и кај нас зема големи размери. Јас не сакам да зборувам за она што бараат господата либерали за кое што имам што да кажам. За ширењето на дрогата, за тоа не станува збор, затоа што е тоа посебна точка.

Да имаме сили како држава тоа што е просјачење некако по пат на закон, па би рекол "принудна култура", преку одредени домови, па од 100 да направиме 20 добри граѓани, корисно би било.

VIII/6.-

Од 100 да излезат 20, 10 да излезат пак ќе биде од корист. А ние си поминуваме покрај Камени Мост или на други места во други градови и ги гледаме. Тоа е тоа. А тоа е во сите држави каде што поминав деновиве. Нема што да јадат луѓето. Луѓето собираат храна во канти, од таму. Ова што го добиваат минимална социјална заштита тоа е рамно на во нула. Толку ни е буџетот. Толку. Па дури кога одат луѓето таму да бараат помош, јас му се обратив на г-динот министер Насер Зибери, ми рече нека дојдат тие луѓе кај мене. Затоа што Комисијата кога оди кај нив, кај луѓето што бараат социјална помош им одат дома, имаш телевизор, продај го телевизорот па јади. Мајката! Колку биле тие хумани луѓе, колку несоцијализирани. Во нашава држава не е социјализирана. Не прави социјални случаи. За социјална држава зборуваме. Како што сме се родиле така и ќе умреме, кој порано кој подоцна.

Од овие кои примаат социјална помош, кога доаѓа оваа несреќа, смрт, немаат пари за закоп. Замислете, некаде се собираат пари во чинии, кој колку ќе даде доброволен прилог. Доаѓаат и кај мене. И Македонци доаѓаат. Се јавувам во Управата за градски гробишта, па им следува само волку и волку а другото мора да си го платат.

Молам, во Законот инкорпорирајте го и ова. Да биде целосно закопот, барем закопот да биде обезбеден на еден наш граѓанин. Ако еден дел од својот живот пет – десет - петнаесет години живее мизерно, и бедно, тогаш молам. Не заради тоа што се јавија овие афери кај нас, па ова е мала афера ТАТ голема работа, 100 милиони, далеку сме од онаа Вотергејт, Ирангејст итн., сигурно ќе се откриваат и други афери. Има такви. Има и да ги наречеме поодделни ратни богаташи. Молам. Има ратни богаташи кои што едно време 1990-1991 година сите равтови во РМ беа преполни со стока. Одеднаш ги снема. Каде отидоа? После се појавија кај приватници итн. итн. Вие што сте од Владата а не само вие и ние што сме во Парламентот да водиме сметка за ова.

Значи, моето ангажирање е следно, ударно да бидат насочени работите кон две работи, кон просјачењето, да се види центрите за социјални работи, односно Министерството преку центрите во Македонија и смртните случаи. Во случај на смрт нема потреба, срамота и греота е човек да оди да бара од некого пари. Тоа да биде на товар на државата и да се заврши работата. Ќе се спаси човекот, тој што бил по таква потреба.

И, да кажам уште еден збор, во нашата држава, целосно гледано, не стоиме баш така лошо. Се поставуваат две прашања, кој е сиромашен? Дали парите се наоѓаат во рацете на државата или во рацете на народот? Или е сиромашна државата а кај одредени граѓани остануваат парите или нема ниту еден граѓанин богат а парите се кај државата? Јас го мислам спротивното. Кај народот.

Господо од Владата, господо раководители, господо пратеници, потрудете се тие арамии да ги најдете. Да ги извадиме на мегдан.

Ако сум навредил со ова некого, без пардон е тоа јас така гледам на работите, ова е зборовите на народот. Јас контактирам со народот многу.

Ви благодарам многу.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри и останати кои сте тука присутни, бидејќи на вас другите тешко се обраќаме.

VIII/8.-

Веднаш, како и повеќето дискутанти кои се произнесоа по овој закон, сакам да кажам дека поднесувањето на Предлогот за донесување на овој закон го поддржувам во целост. Повеќето од решенијата дадени во Предлогот за донесување на овој закон исто така ги поздравувам, бидејќи, како и повеќето, што реков, претпоставувам дека се работи за еден доста современ закон што го читав со доволно внимание. Но, сепак ќе настојувам одредени работи да изнесам во однос на тоа како треба, ако постои можност, уште повеќе да се дотера законот.

По однос на прашањето регулирано со членот 4 каде што се зборува што се смета под социјален ризик, јас мислам дека одредени работи треба да стојат по однос на тоа да се изврши квантификација на одредените ризици. Бидејќи,еве да кажам дека стои тука: ризици по здравјето, болест, повреда, инвалидност, мислам дека треба да стои таков критериум бидејќи повреда може да биде и обична повреда, па да не се смета за работа што треба да се смета за социјален ризик.

Мои понатамошни гледања по однос на овој Предлог за донесување на закон е во тоа што правото на сместување во Установа за социјална заштита, предвидено со член 19, кога станува збор за правата на старите лица, мислам дека треба да се направат напори, јас знам дека е тоа поврзано строго со средства, ваква помош да можат да уживаат и лица во помалите места.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:(**Продолжение)

Зошто тоа го кажувам? Го кажувам затоа што такви установи ние немаме во сите места. Иако не е тоа бенефиција, да кажам, но тоа право можат да го уживаат оние кои што живеат во поголемите места. Јас спаѓам во групата на оние, да кажам тука во ова Собрание, во средновроразните, ако не до повозрасните, оти не ми одговара да кажуваме постарите, меѓутоа, мислам дека сите еден ден кој порано, кој подоцна можеме да се најдеме во една таква ситуација так што би било добро овие институции што се овде предвидени, да биде дадена можноста тие да се екипираат, било во поглед на кадар, било во поглед на опрема, а исто така и во поглед на потребни финансиски средства. Бидејќи може да се има правото со закон, а де не може да се искористи. Што ќе ни е законот, ако не може тоа да го искористиме. Велам, не би сакал никогаш да дојдам во таква позиција да користам вакво право, бидејќи ваквото право мислам дека на човек не му е добро да го користи. Ако да не даде да кажам така Господ право да го има тоа право. Подобро би било да нема таква можност да не му се даде потреба , да нема потреба за таква работа.

Со член 27 е регулирано и прашањето кога може да се користи правото на постоење на парична помош и е речено дека тоа може да се користи и во случај кога е обезбеден договор за доживотна издршка. Мислам дека од она искуство што малку го имаме, мислам дека малку сме направиле, а тоа се поради екипираноста на нашите социјални установи со кадар, малку сме направиле да заживее, доволно да заживее ова право. Мислам дека малку повеќе треба да се популаризира оваа работа, за да можат во одредени случаи, она за што зборуваше по малку и г-дин Тантаров по однос на земјоделците, а не

се само земјоделците има и други кои можат да се најдат во таква состојба, а ако на ова доволно се објасни, мислам дека може повеќе да заживее, иако велам дека не би сакал да заживее.

Членот 3 5 го регулира прашањето на правото на домување да се обезбедува на социјално загрозени лица. Јас и во поранешните говори кога беше расправата по однос на законот за домување се ангажирав и натаму стојам дека ние како држава кои сме декларирани со Уставот и како социјална држава мислам дека мораме да направиме напори и на овој план. Неколку пати сум се нашол не јас да пружам некому помош од овој аспект, туку сум се нашол во Собранието на општината кога се јавуваат лица, кои што бараат да им се пружи ваква помош. А што станува со сегашните градоначалници? Ги дигаат рамењата. Немаат таква можност, бидејќи не постојат. Мислам дека овде треба да се чинат напори. Не станува збор аз тоа да се обезбедуваат луксузни станови. Една минимум животна егзистенција би морало да се прават напори и во ваква немаштија да се обезбеди и вакви услови за создавање на вакви објекти каде што ќе може. Имаме разни случаеви. неверојатни се. И сега да не можеш да му обезбедиш место каде да спие. Па, зошто служи тој градоначалник? Мислам дека тој само формално постои за да велиме дека има локална самоуправа, а нема една таква можност. Тоа често пати се случува и со социјалните помошти ќе кажам дека што ги делат собранијата на општините. Исто е, ќе му понуди 500 денари. Дали се решава со 500 денари таква работа? И на тој план, велам од страна на Собранието, не од, а слични случаи има и при центрите за социјална работа кои интервенираат со така мала сума на средства. Мислам дека треба да чиниме напори да ги зголемиме средствата за овие намени.

IX/3.-

Кога станува збор за органите на управата на јавните установи за социјална заштита, јас се залагам за тоа до колку и натаму Министерството стои на тоа правниот одбор да го сочинуваат 5 члена именувани од основачот, од кои 2 члена од редот на стручните работници во установата, мислам дека она што сега го декларираме и со Законот за социјална заштита, односно со Законот за локалната самоуправа, треба да му дадеме место и во овој управен одбор да делегира и локалната самоуправа. Дали ќе го чиниме тоа преку зголемување на бројот, дали тоа ќе го направиме преку тоа што од овие 5 лица 1 ќе биде најмалку од локалната самоуправа, мислам е прашање за кое можеме да се договараме, но сепак треба, бидејќи покрај социјалните установи и собранијата и органите на локалната самоуправа се органи кои што ги познаваат работите на теренот и кои можат да придонесат и заради тоа барам и тие да бидат вклучени тука во управниот одбор.

Малку порано кажав кога станувашe збор за кадрите, а тоа исто се регулира со прашањето, со член 56 и таму се наброени кои профили можат да работат во овие социјални установи. Јас потполно го подржувам предлогот што е даден и мислам дека нашите напори како решение е многу добро, нашите напори треба да одат во тој правец ова да го оствариме, да го реализираме. Бидејќи само со добри, стручни кадри можеме да помогнеме во состојбите, за надминување, односно за давање на одредена помош. Во спротивно само со лица кои што да кажам , така да се изразам вулгарно, што си дошол, ќе и се обрати на странката, не можеш правото да го оствариш, мислам со такви луѓе не можеме да ги решаваме проблемите, туку треба да навлеземе да ги разбереме. Зашто никој од ќеф не доаѓа таму да бара помош. Бара од мака. Маката го тера. Бидејќи, еве имаме да кажам, подобро ситуирани луѓе во Републиката, па можеме да прашуваме дали тие отишле таму да

бараат помош. Сигурно дека не одат. Свеста можеби, условно да кажам, да се жалиме дека и таа свест не е на висина, ама сепак мислам дека е на висина и секој тек туку така не оди да бара социјална помош.

По однос на организираноста на дневните центри и клубови за стари и возрасни лица и дневните центри за работно - производна активност, поаѓајќи од искуството, не по однос на оваа работа, туку она дека имаме мали општини, мали места, мислам дека можеби е добро да се даде можност за комбинација на овие активности да се одвиваат во една институција. Така, тогаш може да биде комбинирана таа работа и тогаш може да биде можеби подобро.

По однос на прашањето за Центарот за давање помош во домашни услови, мислам дека е многу добро, многу добро е предвидено и треба да заживее. Затоа што ако гледаме од економски аспект, мислам дека ова ни е поевтино, отколку да ги земеме да ги згрижиме луѓето во оние установи кои што недоволно ги имаме.

И уште само нешто, она што е регулирано со член 92, мислам дека е многу добро постапено што се става како должност на Центарот да го подучува да му укажува стрчна помош при поднесувањето на барањето на граѓанинот. Мислам, еве тоа е онаа работа која што треба да ја чинат кадрите, а не едноставно да бидат странките одбиени.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа, навистина слушнав доста добри дискусии од компетентни луѓе кои навистина се разбираат од оваа

материја. Јас би почнал вака, јас би сакал законот да биде не толку добар, ама социјалната состојба, т.е положба да биде подобра на граѓаните. Но, тоа што ее и тие се нашите прилики. Ние го слушнавме и министерот во неговиот настап, односно експозе дека законот е направен врз основа на современи движења во обласата на социјалата, односно направени се и споредби со земји кои навистина имаат искуство во тоа што е социјална заштита. Се разбира, во овие нови трендови. Очекувам дека и понатаму, пошто ги подржувам сите тие дискусии и дискутанти кои кажаа дека законот треба да оди во две фази, а наредната фаза веќе да биде предлог на закон, затоа што имаме потреба што побргу да имаме ваков закон кој и ќе се спроведува во секојдневието. Очекувам дека и во наредната фаза, односно втората фаза ќе продолжи коперативноста, т.е соработката со другите субјекти, односно со тие субјекти кои се засегнати со овој закон, се разбира, тука и г-динот Нано Ружин кажа дека законот е направен врз основа на потребите на индивидуата, т.е. граѓанинот. Меѓутоа , тој граѓанин е организиран во субјекти каде што повеќе има компетентност за да влијаат законот да биде уште подобар од тоа што кажаа тука и други мои колеги.

Еден од таквите субјекти, кои веројатно е засегнат со овој закон, а е и заинтересиран да има што подобра позиција, јас би сакал тука да го изнесам тоа дека се работи за член 31, за да не земам збор пак во претресот односно во расправата и во член 31 во став 2 од поглавјето паричен надоместок за помош и нега, ако е можно во ставот каде што пишува поблиските услови за остварување на висината на правото на паричен надомест за помош и нега од друго лице ги утврдува со акт министерот за труд и социјална политика, при што паричниот надоместок за помош и нега од друго ,лице не може да изнесува 15% од просечната

плата утврдена во став 1 од член 25 на овој закон. Значи, се ангажирам паричниот надоместок за помош и нега да биде во повисок процент. Сега е даден со 15% , па нека биде некаде околу 30, барем дупло од ова што е предложено од Министерството.

Инаку, мислам дека сите го делиме мислењето дека се работи за добар закон, со добра основа, за да ни биде уште подобар и да се спроведува што побргу затоа што потребата е преголема за да се спроведе еден ваков закон.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-дин Стојановски има збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Еве накратко и јас да се вклучам во дискусијава. Самиов податок дека 25% од нашиов буџет оди на практично покривање на она што значи социјала е сериозна работ аи во таа смисла нашиот министер е најбогатиот министер, ако така го вулгаризираме тоа 25% од Буџетот. Но, сепак не му завидувам, веднаш да кажам, затоа што е и преголема обврска и преголем товар.

Она што сакам да го потенцирам е дека сите дискусии, веројатно и јас не ќе можам да се одвојам од тоа, одат натаму како во доделувањето на оваа помош, да не погрешиме. Во осно а тоа е суштината. Да ја насочиме на право место, да стигне до оние субјекти на кои им треба, се разбира , преку квалификувани, стручни, специјализирани институции. На прво место се центрите за социјална работа и сега гледаме и други институции. Се плашам дека на некој начин влегуваме во една клопка да не ја кажам . На сите нас не ни е пријатно да кажеме дека, немаме потреба од социјала. Меѓутоа, објективно мислам дека дури, јас не

успеав во законот тоа да го најдам, еве вака јавно размислувам, а стручните служби нека го забележат, не мора да ми враќаат, мислам дека нема доволно регулатива или членови каде што ќе обврзува некого, сигурно не министерот, точно да се детектираат вистинските потреби од социјална помош кому треба да се даде. Тоа таму не успеав да го најдам или не е експонирано, или не е сосема јасно. Зошто го велам ова? Поборник сум на оние на кои што навистина им треба таа помош. Да им дадеме, како што рече колегата Рамадани за да го осетат, да има влијание, а да можеме да се справиме со оние категории кои што еве манипулираат, поднесуваат разни податоци, разни процеси, со кои што обезбедуваат помош, колку ние да велиме дека не е таа значајна, сепак ако се собере од многу субјекти особено оној член таму каде што регулира и потреба од помош, да кажеме и пошироко семејство, дава можности, сепак, за одредени манипулации, што ние сите во своите средини ги гледаме. Можеби не од оној екстремен да кажеме калибар со неколку стотини или повеќе, нека не биде илјада грла ситна стока и т.н.

Мислам дека се претвораме во дежурни сите ние, вклучувајќи ги и пратениците да не вознемириме една значајна категорија на граѓани, тоа да не ни се врати како бумеранг во смисла на социјален бунт и слично, а во кое што би можело да влезе и суво и сурово. Сега, дувајќи што велиме ние на тоа , дуваме и на кисело млеко. И тука мислам дека овој закон мора да изнајде начин, мора да изнајде модус, сепак ваквите работи да се издвојуваат, за да вистинските корисници навистина на оние на кои што им треба и немаат други можности, таа социјална помош им значи нешто.

Второ, мислам дека таму на неколку места, сметам дека тоа не е намерно, се мешаат поимите општини, единици на локална самоуправа,

веројатно сето тоа ќе се сведе на тој поим кој што треба да биде во употреба, го има на неколку места. Сугерирам она право во преодните одредби за утврдување на мрежата на овие институции, сепак, да не биде прешироко и да се запази еден систем на рационалност. Имам, барем во поголемиот дел доволно развиена мрежа на вакви институции да може да ги извршува своите основни задачи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Понатаму, мислам дека треба да се размисли дали министерот треба да ги има оние компетенции кои што се во членовите 31 33, 34 за доделување на разни видови помош и надоместоци. Мислам дека министерот не треба да навлегува во тие, јас би ги рекол сепак ситни задолженија . Се работи за еднократна помош и најчесто помош која што може да ја девалвира и неговата позиција и функција и мислам дека во интерес на неговиот авторитет и функција подобро да биде растоварен од таквите задолженија.

Барем досега мислам дека изборот на директор го вршеше Владата, сега тоа е во компетенции на министерот и тука нека се размисли дали е подобро едното или другото решение. Немам конкретен предлог, но нека се размисли, за втората фаза.

Благодарам.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги, јас обично не се задржувам и ги молам колегите за трпение.

Ова со што ќе почнам можеби малку ќе изгледа непопуларно, но е перспективно и затоа сметам дека треба да се каже. Добра држава е онаа која што нема многу социјална помош, а има многу повеќе механизми со кои луѓето обезбедуваат егзистенција по нормален пат и тоа на продуктивна основа, креативна и тн.

И овој закон, и овој систем на обезбедување на социјална заштита го примам повеќе како наша објективна нужност која што уште извесно време мора да трае со оглед на сите проблеми, да не ги повторувам. Иако го поддржувам во целост законот, се залагам до неговата дефинитивна фаза по можност да се ѕидаат сите оние механизми вградени во законот како систем на социјално помагање кој што

евентуално би оделе на линија на за обезбедување на социјална егзистенција, а да го намалат сопствениот креативен напор за продуктивно ангажирам. Сега нема смисла да спомнувам конкретни членови и тн, но има такви за кои може да се размислува. Зошто? Сакам да кажам дека ние имавме сега една ситуација што најверојатно ќе ја имаме еден широк круг на потреби со оглед на големиот број на невработени и тн. Меѓутоа, кога се работи токму за оваа категорија за која што зборуваше и министерот за невработените, за здравите луѓе сега треба, не само овој закон, туку треба да размислува целиот наш економски механизам. За што повеќе ќе се залагаме да ги научиме да фаќаат риби или да им дадеме по едно рипче кои не ги дохранува.

Мислам дека оние елементи кои што се вградени во другиот закон за помагање за оспособување на луѓето за работа и наоѓање на начини да ги стимулираме и работните организации така да речам работно да ги ангажираат можеби ќе станат една целина на целиот овој систем на заокружување и на социјалната помош и на политиката на вработување.

Во таа смисла да не се јавувам пак ги поддржувам двата закони со оваа една молба уште еднаш во оваа смисла колку што е можно да се внимава.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Со оглед на фактот што оваа прва фаза на изработка на законот за социјална заштита, мислам дека со право се придаде должно внимание на содржината на законот за да по собраниската расправа и расправата по комисиите Министерството има доволно материјал за сите сугестии, укажувања и предлози ги составивме и при составувањето на Предлогот на закон за социјална заштита изготвиме она што е прифатливо за сите нас и да изнајдеме најдобри решенија кои ќе бидат и порационални и

пофункционални и поуспешни. Овде беа дадени доста сугестии и забелешки по конкретни решенија и веројатно со едно излагање дека атког не ќе можеме да се осврнеме на сите нив, меѓутоа неколку дискусии беа концентрирани на три четири прашања за кои мислам дека треба сепак да го кажеме и нашето видување за кои предложиле такви решенија и што значат предлозите ви за ви она што е во текстот изнесено.

Мислам дека три четири прашања се битни да се имаат во предвид кога се разговара за законот, а тоа е дека донесувањето на нов текст на закон е наметната потреба за усогласување на оваа област и регулативата што ја регулира оваа област само во останатите промени односно со правниот систем во државата.

Второ, институциите односно установите кои вршат дејност од социјална заштита да се организираат врз основа на новите принципи и новата организациона поставеност која се предвидува со новиот закон.

Трето, да се даде тежнение на превентивното делување во областа на социјалната заштита за да се спречи социјалниот ризик кој после со мерки од материјална природа, од природа на сместување на институциите и установите од социјална заштита да биде спречено или во помал број.

Четврто, да се прифати европскиот тренд и современиот тренд на вонинституционалното згрижување на лицата кои имаат потреба од социјална заштита преку воведување на дневни центри како нова институција на нашиот систем, преку сместување на деца без родителска грижа, деца воспитно загрозени, хендикепирани лица, стари лица во семејства при тоа пружајќи можност да луѓето кои ќе згрижуваат вакви лица дури и да заснивaат работен однос со институциите од социјалната сфера.

Петто, као новина, воведување на приватната иницијатива во социјалната сфера односно социјалната заштита.

Мислам дека неправилно беше сфатен овој тренд и беше коментирано од некој од пратениците дека како форма тоа се овозможува, меѓутоа средствата ќе се делат од истиот колач, што не е вистина. Државата ќе издвојува од Буџетот и понатаму за државните институции кои ќе ги формира Владата, односно од институциите од локална заедница општината ќе издвојува средства за нивното функционирање. Додека приватната иницијатива исклучиво ќе се финансира од приватен капитал. И тука државата само ги нормира стандардите кои треба да ги исполнува таквата институција, а управувањето, раководењето, финансирањето е исклучиво врзано за основачот, а тоа е приватната иницијатива.

Мислам дека без право се дигна повеќе прашина околу така наречениот мајчин дом во Скопје од причина што таков дом не постои. Ние со овој закон воопшто по име не третираме ниедна социјална установа. Ние создаваме само правни рамки како може да се основа и да работи една социјална установа. Конкретно се работи за дел од клиничкиот центар во Скопје во одделот за ортопедија кој припаѓа на здравството и надвор е од системот на социјалната заштита. Патем, во самото обраќање на г-дата од тој клинички центар се кажува дека оснивач на таква установа било тогашното Градско Собрание и со акт на Градското Собрание било укинато односно префрлено во клиничкиот центар. И, патем да кажеме дека таква социјална установа ние имаме во Битола, еден пратеник од тој град спомна. Установа која во нормални услови на функционирање згрижува приближно околу 100, 110, 90 новороденчиња, што приближно е доволен капацитет за згижување на таков капацитет. Тоа е едно.

Второ, мајчиниот дом во Битола е кадровски, стручно, материјално и технички оспособен за да потполно пружи грижа за таквите деца, што не значи да доколку потребите за згрижување на таква деца се поголеми од капацитетите што ги имаме во Битола ние да можеме да овозможиме и во Скопје да се отвори таков центар односно таква установа, но недоведувајќи го во прашање нормалното функционирање на битолскиот кој веќе постои како кадар е изграден, како услови постојат.

Често пати кога се зборува за социјална та заштита истата се сведува само на прашањето на материјалните права и паричните давања, што е погрешен концепт и погрешно сфаќање на социјалната заштита. Социјалната заштита како форми опфаќа и многу други сегменти, како што е згрижувањето на хендикепираните лица, згрижувањето на незгрижените деца односно деца без родители, згрижувањето на старите лица кои се безгрижни и низа други активности кои го составуваат мозаикот на социјалната заштита.

И кога сме кај материјалните давања секогаш поприемлечно е да се разговара околу социјалната помош или поранешната СЗН како ја викавме порано.

Владата издвојува огромни средства во рамките на можностите што ги има заради алиментирање на потребите на граѓаните од овој вид на помош. И, тука не случајно во законот правото, е дадено исклучивото право да врз основа на составување на анамнеза од страна на стручните лица на центрите за социјална работа тие да се надлежни и дистрибутери на таквите средства. Но, во исклучителни случаи кога тоа е неопходно, кога временски не овозможува пролонгирање на таква помош се дава право на министерот еднократно да интервенира во такви случаи.

Критериумите, беше барано тука, по можност да се воведат во законот. Мислам дека она што се концепциски прашања на критериуми е кажано во членот 2 каде што вели дека Владата со програма ги утврдува подрачјата на социјалната заштита, специфичните потреби на населението и начинот на остварување на социјалната заштита. Додека прашањето конкретно се регулира со програма за социјална заштита која пак се утврдува врз основа на определбите на Владата во макроекономската политика, средствата со кои располага во Буџетот кои се утврдуваат секоја година и политиката што Владата ја води со меѓународните монетарни институции, тоа е ММФ и Светската банка.

Оттука сметам дека правилно е решението во членот 2 и како такво може да функционира. Тоа прашање е динамочно и со закон не може еднаш за секога да се даде од причина што од година во година износот на средствата со кои располага Буџетот е различен, а овие средства исклучиво преку Буџетот се алиментираат односно обезбедуваат

Беше покренато и прашањето на паричниот надоместок за туѓа нега. Се создаде една погрешна претстава кај пратениците дека со воведувањето на стапката од 15% од просечната плата во нестопанството се ускратува износот кој сега се добива за туѓа нега. Ова не е точно. 15% на просечна плата даваат износ од околу 2.000 денари, износ кој сега се исплатува, 1.900 односно 2.000 денари. Барањето тој да се зголеми е прашање кое ние ќе го разгледаме, но мораме да се движиме во рамките на средствата кои сме ги определиле со Буџетот, и ништо повеќе. Но, да се каже пред јавноста, бидејќи со камери се следи работата на Собранието, дека не се засегнува износот на средства предвиден за ова право со утврдување на стапка од 15%.

X/7

Прашањето на кадарот беше покренато од неколку пратеници особено од делот на медицинскиот кадар. Медицинскиот кадар во социјалните установи точно е дефинирано каде се применува. Тоа се социјални установи каде што е потребно лекарска грижа. Таква помош се пружа во Герентолошкиот завод во Скопје, таква помош се пружа во Заводот во Демир Капија и други установи кои имаат таква потреба. Меѓутоа во начело да се воведе инволвирање на тој кадар, да речеме во центри за социјални работи и тн., тоа се сосема друга сфера и друга проблематика и кадарот кој е дефиниран во законот сосема одговара на потребите на политиката во социјалната заштита.

Разликите помеѓу град и село , се прашања кои во Законот не се утврдени. Ние во пракса ги имаме и со право констатира пратеникот. Меѓутоа тоа е прашање кое е регулирано со Одлуката за критериумите за остварување на социјална помош. Ние тие разлики ги прифативме како сугестија на Светската банка, која според истражувањата кои ги водеше во РМ дојде до констатација дека трошоците за живот во село се помали од трошоците за живот во град. Врз основа на таква констатација се воведени параметрите во Одлуката за остварување на таквото право, што од некои граѓани беше и покренато и пред Уставен суд, да се види и од таа гледна гочка се произнесе во прилог на Одлуката на Владата што не значи дека конечно решение. Ние сеуште истражуваме и со Светската банка повторно ќе го отвориме тоа прашање, да видиме дали тоа е најдоброто решение и дали на тој начин и новата Одлука ќе остане.

И на крај околу националната стратегија во оваа област.

Вие знаете дека Владата на РМ склучи договор со Светската банка околу реформите во социјалната сфера. Тој кредит кој изнесува некаде околу 17 милиони долари веќе ги дава резултатите и почнува да се спроведува.

Еден дел од реформите се спроведува во нормативниот дел, овие закони што ги нудиме и другите кои ќе уследат.

Вториот дел е во техничката опременост на институциите од социјалната сфера, како што е компјутеризација на центрите за социјални работи, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Заводот за вработување итн.

Трето, создавање на правилна политика во оваа сфера која е во соработка со консензус програмата на ФАРЕ и Европската Унија

Институтот за социјална политика веќе состави листа на приоритети и визии за развојот на оваа проблематика за да се постигне основната цел, овој процес на трансформација да се изведе на најблагиот начин односно ризиците по граѓаните кои се засегнуваат со реформата, да биде помал. Должноста на државата во тој поглед е евидентна. Но, немојте да заборавиме дека најдобра социјална политика е развојната политика и не случајно развиените земји имаат највисоки стандарди во оваа област.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ го усвојува Предлогот за донесување на закон за социјална заштита.

2. Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог ан закон, при што ќе го има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела, како и предлозите и мислењата од расправата на оваа седница на Собранието.

3. Овој Заклучок заедно со извештаите на работните тела и забелешките од расправата на седницата на Собранието да се доставaт до Владата на РМ и Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок ,молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

XI/1.- ВД/ЉР

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес-

Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Слободан Најдовски

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Г-дине претседтеле, дами и господа,

Сигурно и законот кој пред малку го изгласавме како предлог на донесување е тесно поврзан со овој закон, барем во онаа сфера за која што се работи, односно сферата на социјалата и смета за потребно да изнесам свое гледиште во однос на овој Закон.

Имено сведоци сме на состојба во нашата држава, како што е изнесено и во самото образложение дека се работи за регулирање на една област која ете како не припаѓа во тој период од развојот на Државата. Имено во самото образложение се изнесени податоците дека моментално во државата имаме околу 245.42.196 невработени лица од кои 178.000 за прв пат бараат работа.

Ако се има-1 предвид дека скоро 41% се невработените на работа чекаат повеќе од 5 години навистина тоа е загрижувачка состојба. Иако овој Закон нема за цел во целост да го решите ова прашање но сметам дека неколку работи треба да се каже.

XI/2.-

Прво, е прашањето кое овде е разработено и на кое треба посебно да му посветиме внимание, а тоа се оние невработени кои што останале како стечајни работници или работници кои се како технолошки вишок. Има самата пракса ние секојдневно сме сведоци на една пракса дека тие луѓе после 16 и 20 години работа останале на улица односно ја довеле во прашање својата егзистенција. Затоа на тој план сметам дека треба да се разработи прашањето за годините кои како поминати во работа односно работниот стаж и по однос по однос на паричниот надоместок кој тие ќе го добиваат. Имено, во член 71 е тоа определено. Така да само за оние работници кои поминале 25 години на работа е обезбедено да имаат паричен надоместок до нивно вработување, до пензионирање или други основи на престанок на нејзиниот надоместок.

Сметам дека оваа гранка мора да се испита од следните причини:

Замислете една работничка која што е во текстилна индустрија има 22 години работен стаж Вие знаете од оние истражувања што сме ги имале голем проект од тие работнички веќе се во една сфера што тешко некој ќе ги прими на работа. Ние таквите ги доведуваме во една состојба тешко понатаму да можат да ја обезбедат својата егзистенција. Затоа сметам дека овие граници треба да се преиспитаат и во зависност од можностите тие да се разреши.

Она што посебно сакам;:да го истакнам е прашањето решено во член 7 3 односно со повторното ангажирање на невработеното лице кое зема паричен надоместок и олеснувањата што ќе ги има новиот работодавец.

XI/3.-

Сведоци сме дека неколку претпријатија, или фирми покажаа дека со вложувањето на паричниот надоместок кој што би го земале неврабвотените лица, прогласени за стечајни работници или технолошки вишок, кои повторно би ги вложувале во производството, се покажа како еден од најдобрите начини за нивно повторно вработувањр затоа сметам на овој план треба посебно да се посвети внимание и да се разработи тој начин на ангажирање на невработените лица.

Имам свои три предлози кои би биле поврзани со овој закон, а кои би повлекле изворни законски измени во останатите закони кои ја регулираат оваа област. Имено сметам дека со овој закон треба да се изнајде начин и тоа сигурно во натамошната разработка и тоа:

Прво, за прво вработување на лица невработени, пред се се работи за помлади лица, платата да не биде оптоварена со придонеси, односно работодавецот при исплата на платата да биде ослободен од сите придонеси и даноци, освем за пензиско и здравствено осигурување во период од 3 години.

Второ, за работниците кои се прогласени како технолошки вишок и стечајни работници кои имаат до 25 работно искуство да важи истата одредба односно ослободување во време траење од 3 години, од сите придонеси освен за пензиско и здравствено осигурување.

Трето, за отворање на сопствена фирма на невработени лица да се ослободи од данок на добивка 3 години и придонеси од плата освен за пензиско и инвалидско осигурување.

Би сакал накратко да ги образложам овие три предлози. Имено, сместам дека со едни вакви законски решенија кои би се вградиле во нашата законска регулатива би се дошло прво до елиминирање на

работата на црно односно на големиот број на непријавени лица.

Имено заради високата стапка на придонеси која се плака од по основ на платата, голем број на работодавци ги кријат вработените затоа што стапката, сега не знам моментално колку е 60 или 65 или 70%, од сите тие придонеси кои ги плаќаат, е голем товар за тие работодавци и имаме работење на црно.

Со еден ваков предлог кој што јас го предлагам сметам дека ќе ги стимулираме работодавците да ги пријават вработените на црно, затоа што ќе ги плакат само придонесите за пензиско инвалидско и здравствено осигурување. Од друга страна сметам дека со овој предлог ќе придонесеме пензискиот и здравствениот Фонд да имаат поголем прилив на парични средства.

Другите решенија во овој закон ги поддржувам. Сметам дека се тие добри решенија, дека Законот треба што побрзо да го донесеме и да им се овозможи на институтите односно на Заводот кој што ја извршува оваа дејност на посовремен начин да почнува да ја извршува својата дејност. Нормално сакаме тој Заод да има што помалку работа, што значи да има најмалку невработени лица. Но, ги поддржува, другите решенија и сметам, што побргу Законот да се донесе.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитуван претрестеле, почитувани министри, почитувани колеги,

Уште на почетокот ќе кажам дека треба да го прифатиме Предлогот за донесување на овој закон, бидејќи во нашата држава особено последните две-три години, настанаа крупни промени како во политичкиот, така и во економскиот систем.

XI/5.-

Се работи за еден предлог на модерен закон со кој Службата за вработување се уредува како берза на трудот, која ќе обезбеди услуги не само на вработените, туку и на работодавецот. Мора да проработи кај нас пазарот на работна сила, така да побарувачката и понудата мора да ја диктира цената на работната сила.

Добро е решението што се воведува нов начин на вработување, така што работодавецот не мора да огласува одредено работно место, директно може да прими вработен.

Исто така, со овој Закон се овозможува работодавецот да поставува и одредени услови при вработување, како што е на пример работа на смени, односи, плати итн., а тоа е овозможено се со цел да добија најефикасна и најдобра продуктивност бидејќи целата на е да обезбеди зголемување на профитот.

Јас само би рекол уште неколку збора за два члена. Тоа е за плаќањето на придонесот со вработување, со цел да се обезбеди паричниот надоместок.

Во член 66 стои дека може да се обезбеди паричен надоместок како се се уплатува придонесот за вработување. Мислам дека треба, како што прават и другите да склучуваат директни договори за плаќање на придонесот за здравство и им дозволува на претпријатијата да ги подигаат плавите картони. Така да мислам дека и Заводот за вработување треба да склучува договори за плаќање само на придонесот за вработување, со цел да се обезбеди паричниот надоместок, да го примаат оние стечајни и други работници кои останале без работа, бидејќи се знае стечајните работници, ако дојде

организацијата под ликвидација сигурно неколку месеци или години не е плаќан тој придонес и многу е полесно да се обезбеди на тој начин тие работници да го примаат тој надоместок. Во член 64, точка 5, стои - права на инвалидни лица. Мислам дека овие права не се доволно разработени, треба да се разработат и стриктно да се каже кои права треба да ги добијат инвалидните лица. Јас тоа би го поврзал со член 71, бидејќи исплатување на паричен надоместок максимално е 18 месеци.

Мислам дека инвалидите односно хендикепираните лица треба да добијат подолг рок на примање на таков паричен надоместок. Би кажал уште неколку збора за 68 а тоа се однесува за максимално определување на паричниот надоместок. Тоа е 40 и 50%, зависно од тоа дали е подолго од 12 месеци или помалку од 12 месеци. Мислам дека овој надоместок е доста мал, многу помал од социјалната помош, бидејќи ние дозволивме во гранските договори на претпријатијата текстилни, кожарски итн. каде што уплатата на придонесите е некаде 2.400 денари, па ако се земе на тоа 40%, тоа е 900 и нешто денари. Мислам дека тој работник кој останал без работа поради ликвидација на Фирмата или стечаен работник се здобива со многу мали средства. Затоа треба да стои односно тоа да се максимализира до просечната нето плата од нестопанството, но не помалку од 2.500 денари.

Кога ќе дојде во втората фаза мислам дека прво треба да биде Предлогот на закон за вработување, а после за социјална помош. Да се измести редоследот.

XI/7.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници,

Со причините за донесување на овој Предлог за донесување на закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, целосно се согласувам од една основна цел, а тоа е создавање или искројување на постојните заедници за вработување како вистински, позападен терк берзи на трудот, што ќе ми дозволите, воедно нека ми извинат г-дата од Фондот за вработување, досега нивното функционирање, наместо посредници при вработувањето, претежно се одвиваше како дистрибутери на паричните надоместоци. Сигурно искривено, визави она што согласно и постојниот закон, а посебно сега со овој Закон каде што се сака организациона трансформација, да се добие ефектот за заедниците односно фондовите за вработување да станат вистински берзи на трудот.

Она што начелно и како одновна цел го кажав напред ме определи за поддршка на Предлогот за донесување на овој закон е паралелно изложено и на одредени предлози и забелешки кои сакам да ги изнесам по однос на другите делови од овој закон кои по моја оцена не претставуваат никаква новина во областа на вработувањето. Значи, освен организационите трансформации во делот на службите за вработување, во другиот дел на содржината на Законот фактички имаме или пренесување на постојните одредби или намалување на некои до сега инаку важечки и стекнати права на невработените. На што имено се однесува.

Сигурно сите ќе се согласите дека по важно прашање и за овој Парламент и за Владата и за специјализираните институции во областа на вработувањето и оние што создаваат улови за вработување во претпријатијата, нема, од прашањето за создавање услови за

вработување и на задоволување на права во случај на невработеност. Како изгиднатост на оваа извишена цел најбитна и најзначајна, сметам за должност да искажам дека овој Парламент треба, еве јас лично како пратеник во моето шестгодишно битисуваше навистина чувствувам една обврска и спрема бирачите и една сатисфакција за исполнување на мојата пратеничка функција во делот на овој многу значаен, најбитен сегмент на социјалното живеење на голема структура на граѓани во РМ, овој Парламент да даде директен придонес за промена на постојната уреденост на ова прашање, во правец на подобрување на правата, или овозможување на законски услови за создавање на нови вработувања. Наполно се согласувам без претенции да ги повторувам предлозите од колегата пратеник Најдовски кој што искажа предлози во делот на она што е најбитно односно како законодавен дом овој Парламент во делот на вработувањето мора, бидејќи тоа е најизострен проблем во државата, да донесе соодветни законски решенија што еден дел од тие решенија се во овој закон, во делот на ослободување од даноци и придонеси за нови вработувања. Тоа е определба на сите политички субјекти во РМ, чии учесници сме и ние во одредена смисла. Затоа, сигурно, поврзано, покрај воведувањето на таква регулатива, и со едни фронтални согледувања и дорегулираност или усогласеност на едно такво право на ослободување од даноци и придонеси за нови вработувања и со областа на законите за даноци и придонеси и другите законодавни прописи од фискалната сфера, во еден фронтален, би рекол повеќе димензионален процес со усогласеност на повеќе законски решенија, овој Парламент и Влада да дадеме конкретен придонес, а тоа е најдиректниот начин за остварување

XII/1 рд/вц

**ПАНЧО МИНОВ:** (продолжение)

Повторно ќе се вратам на првото прашање, а тоа е конкретно како Парламент преземање на законско решение што ќе биде подобрување во однос на постојната регулатива и стекнати права во областа на вработувањето. Прашањето треба да се постави и до предлагачот, односно Владата дали оваа процентуалност и основица за пресметување на овој паричен надомест може да се подобри бидејќи сите знаете дека тоа е 3000 денари во ова време на стандард, со проблеми на живеење, дали тој процент е основица за пресметување може како социјално право да се зголеми во процентот, што значи и номинално тие 3000 денари кои сега ги земаат голем број на структура на граѓани во Република Македонија да се задоволи.

Второ, дали максимумот од 24 месеци може да се зголеми на плус месеци, како што ни беше 36 во претходниот закон, пред овој сега што се менува, визави како што во образложението и самиот предлагач признава дека сега имаме тенденција не само на зголемување на бројот на невработените , туку имаме зголемување и на времето на чекање на невработените за остварување на правото на ново вработување и трето право кое што ќе значи квалитетно воведување на придонес од Парламентот од Владата во областа на вработувањето тоа е оваа 25 години, па до крајот на остварување на правото на пензија, да се земе материјално обезбедување од заедницата за вработување, дали тоа, бидејќи имаме многу голем број на случаи на стечаи, на преструктуирање и исто така на голем број на вработени лица што сега стекнат статус на невработени, дали 25 години како минимум за добивање на материјално обезбедување, паричен надомест до исполнување на Условот на пензионирање, може да се намали во границата од 20 до 25 години. Значи еден квалитетен придонес во областа на материјалното, социјално осигурување на невработените лица.

XII/2

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседетеле, почитувани пратеници, почитувани министри. Го поддржувам предлогот за донесување на закон за вработување и осигурување во случај на невработеност и сметам дека со него ќе се овозможи усогласување на постојната законска регулатива, со одредбите на Уставот во Република Македонија и Законот за работни односи.

Со Законот се предвидени повеќе новини, како што се формирање на приватна агенција за посредување при вработувањето, потоа намалување на периодот на примање на паричен надомест од 3 до 18 месеци и со оглед на тоа што како што рекоа и претходните дискутанти имаме 242 илјади невработени, овој член ќе погоди голем број на лица кои ќе останат без овие примања, а се разбира и без надеж да се вработат. Тие своето право понатаму можат да го остварат на полето на социјална помош, но тоа е друго право и голем број од лицата опфатени со оваа рестрикција нема да можат да ја добијат социјалната помош.

Со оглед дека и со постојниот закон бројот на лицата корисници на овој надомест се намалува постојано , предлагам за следната фаза на овој закон да се направи анализа за тоа за колку лица се работи и за колкави средства се работи и дали има можност да остане оној постојниот период од две години. Новост во овој закон е тоа што лицата треба да се пријавуваат секој месец во Заводот за вработување, и ако лице не се појави повеќе од 30 дена, тој се брише од регистарот на невработени и потоа две години нема право повторно да се пријави како невработено лице. Мислам идејата не е лоша, меѓутоа, овој период од две години мислам дека е престрог и долг и треба да се размисли тој период да се намали, по мое размислување тоа би било о шест месеци до година дена.

Сакам да се осврнам и на некои членови кои го дефинираат начинот на дефинирање, тоа се членовите 6,7,8,9 и 10 кои што кажуваат дека работодавецот својата потребата од работник може да ја задоволи на 4-5 начини, меѓу кои тој самиот да најде работник и да го вработи без никаков оглас, без барање од Заводот за вработување, потоа, втора можност е да бара од Заводот за вработување тој да му посочи кој да биде предложен, потоа со јавен оглас, со посредувањето на агенцијата за вработување, како што реков претставува новина, а кој ќе биде примен исклучиво е право на еден човек, овде кажано како работодавец, меѓутоа, во поширок смисол кај приватното лице знаеме кое е тоа, меѓутоа, ова се однесува и за државните служби се однесува и за јавните претпријатија итн. Значи работодавецот, директорот, министерот, тие три субјекти кои имаат исклучиво право на одлучување кого ќе примат. На приватна една фирма ние не можеме да и наложуваме кого ќе прими, меѓутоа, ние многу лесно се откажавме од сите оние критериуми кои што постоеја до воведувањето на парламентарната демократија и одеднаш без никакви критериуми се примат. Луѓето изгубија надеж дека некогаш ќе дојдат на ред да бидат примени. Само ќе наведам професорите, наставниците, по 10.15 години чекаат, одеднаш се вработува некоја снаа или некој роднина, или некој пријател кој чека година или две години, а следното отворање на работно место во некое мало место е после 10 или 15 години кога другиот наставник ќе оди во пензија. Истото се однесува за јавните претпријатија за министерствата итн. Затоа предлагам Министерството да размисли повторно за воведување на некои критериуми, барем за овие служби. Тука ќе речеме дека се коси со Уставот сите мора да имаат исти права, меѓутоа, ние можеме, ако во Уставот сме се дефинирале како социјална држава, ако сите граѓани се еднакви пред Уставот, мора сите граѓани да имаат еднакви права на пристап до работното место. Нека и при тие критериуми стручноста боде

најјакиот критериум. Повторно, ако некој е талентиран извонреден стручњак нека носи на пример преку 50 поени, вториот критериум нека биде години на чекање, третиот критериум нека биде социјалната положба и т.н. Нека размисли Министерството за следните фази за овие предлози и се надевам дека нешто ќе прифати.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувана господо ќе бидам многу краток по овој закон Предлог за донесување на закон за вработување и осигурување во случај на невработеност. Да ви кажам дека во светот постои само една земја каде што не мора никој да работи, добива социјална помош, меѓутоа, на две недели се јавува обавезно во центарот за социјални работи дека бара работа. Бидејќи одиме кон запад и компатибилни сме, доволно е што ова се гледа од извештајот на Комисијата за социјални прашања во која се вели дека секој на крајот на месецот е должен да се пријави како барател на работа. Каде ќе се пријави? Во заводот за вработување. Таму ќе му дадат документ дека нема работа и од друга страна ќе прими пари. Тоа е тоа. Да ви кажам дека немојте да мислите дека работниците не знаат за ова. Ми се јавуваат по телефон дури и од работна организација од каде што сум дошол јас. Мора секој месец да се пријавуваат инаку нема пари. Дека тоа е 50% од последните три месеци, дека треба да имаат над 25 години стаж, не воопшто стаж како што е во Австралија и додека не им се најде работа, а јас мислам дека многу тешко ќе се дојде до работа ќе дојде до пензија и тоа е тоа. Тоа сакав да го кажам и не би сакал да коментирам одредени дискусии овде да не ги речам квази дискусии, квази знаења. Ние можеме да бидеме подобри, само сите знаеме под кои услови можеме да бидеме подобри дека со намалувањето на даноците и придонесите и т.н. тоа множество од интереси. Едно ќе намалиме друго ќе расте, а тоа значи да го намалиме и овде што е трошокот, па и во образование, па во социјална заштита, па

војска, па се што се елементира од буџетот на државата. Тие множества од интереси да се намалат добро е, само во други услови. Да се намали процентот само кога ќе расти производството. А штом нема пораст на општествениот пораст, ние ќе чмаеме и ете вака ќе животариме. Само им давам на знаење на моите колеги кои што прашуваат, овој закон дали е добар дали е лош ние мораме да го донесеме овој е компатибилен на западниот. Сега преработувањето што постоеше тоа е тоа и одредена категорија на луѓе тоа зависи од раководниот тим ќе одат во Заводот за вработување ќе се пријавуваат таму ќе ги има таму на список и после 42 илјади можеби ќе дојдеме до 300 илјади.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас се извинувам што на почетокот не дадов уводни напомени, меѓутоа добро е и вака да се потсетиме на некои прашања и да се осврнеме на некои видувања што беа дадени во текот на распра- вата.

Прво, сакам да го изнесам фактот дека често пати привидно се стекнува впечаток дека преку Законот за вработување треба да се разреши и проблемот на невработувањето, што е погрешен концепт, зашто со овој закон не се решава овој проблем, тој е поширок, тука треба да се инволвираат многу повеќе други министерства, зашто нашето не е надлежно за таа работа и тој проблем е врзан за вкупните состојби во државата.

Со овој закон се регулира само прашањето на создавање на формално правна рамка за начинот на вработување, односно регулирање на односите во размената на трудот помеѓу работодавецот, граѓанинот кој бара работа и државата како посредник, односно државниот орган надлежен за посредување. Се регулира прашањето на правата на осигурување во случај на невработеност, се регулира организационата поставеност на органот кој го врши посредувањето,

како и други прашања кои се помалку битни за овој момент како круцијални и како концепт на законот. Новина на овој закон од тоа што размената ја поставува на сосема други основи. се предвидуваат 4-5 начини како што забележа и еден од пратениците тука. На начин на задоволување на потребата од работник. И тоа како начело преку Заводот за вработување и тоа преку оглас и преку барање од работодавецот, непосредно преку работодавец и граѓанин кој бара работа и преку агенција за посредување во размената односно за вработување, што е сосема новина што во досегашниот концепт не постоеше. И веднаш тука да дадеме одговор на прашањето кое беше поставено по однос на транспарентноста и институтот конкурс за јавните установи и органите на управата. Овдека не се опфатени тие прашања. Тоа прашање се регулира со Законот за работни односи и апсолутно се согласуваме со забелешката дека јавните установи и органите на државната управа да бидат исклучени од институтот за задоволување на потребата од работник непосредно и одбегнувајќи го институтот конкурс, односно јавен оглас. Од тој концепт нема да има отстапки. Но тоа со законот за работни односи.

Прашањето на високата стапка на придонесот за вработување, од повеќе пратеници беше истакнато. Мислам дека концепциски неиздржлив е пристапот од една страна да се намали стапката, а од друга страна да се зголеми придонесот. Ние имавме таков приод кој ни беше понуден од светската банка, но тој издржлив е до крај како концепт, зашто бара да се намалат давачките од страна на фирмите, вклучувајќи го тука и придонесот за вработување, но во исто време да се намали и времетраењето и износот на надоместокот. Само во тој концепт може да се реализира она што е определба стопанството да се растовари. Но не можеме од една страна да бараме да се намали придонесот, а од друга страна надоместокот да се зголемува. При што се поставува прашањето

од каде ќе се обезбедуваат средствата за надоместокот. Ние водевме жестоки преговори со светската банка кога е во прашање надоместокот. Прво, во поглед на висината, второ во поглед на времетраењето. Категоричен став имаше ММФ и светска банка времетраењето да се сведува само на 12 месеци и да не биде повисоко од 30% од просечна плата и тоа не за последните три месеци како што беше досега, туку во текот на 12 месеци последната година. Ние не прифативме такви услови и во Законот се наведени решенијата кои сметам дека се најповолни од можните кои можевме да ги изведеме. Намерно ги спомнувам светската банка и ММФ, зашто донесувањето на овој закон е врзано за условите за добивање на ЕСАФ кредитот за социјални реформи. И решенијата од овој закон непосредно ќе бидат сведени под ревизија на ММФ и Светската банка.

Прашањето на износот од 40 и 50% е прашање кое е дефинирано и кое сметаме дека е максимално можно. Но да се демистифицира создавањето на привидна атмосфера дека со ова решение ќе се засегнуваат постојните според наша евиденција 46 илјади корисници на паричниот надоместок. Решенијата во законот не ги засегнуваат правата на постојните корисници. Повеќето од правниците знаат дека би паѓало такво решение пред Уставниот суд. Решенијата ќе важат само за луѓето кои во меѓувреме или во иднина ќе имаат статус на привремено невработен, односно ќе го губат статусот на неработник и нема да ги засегнуваат постојните корисници на таквите права.

И конечно нивната која беше пропуштена од повеќето дискутанти на воведување на нов институт на јавни работи кои како новина за прв пат се сретнува и кои сметаме дека ќе придонесе до намалување на потребните средства на Заводот за подмирување на прашањата за надоместокот, а од друга страна ќе придонесува за јавните претпријатија кои обавуваат дејност од овој карактер да ја задоволуваат потребата од

работници, не задирајќи ги прашањата за потреба од нови вработувања. Тука се и други прашања кои се новини, како што се ригорозниот пристап во смисла на евидентирање на неscaботени лица, ригорозниот пристап во смисла на статус на невработен и пристапот кој сметаме секако треба да биде присутен во смисла на остварување на бенефициите. Зашто преку институтот на невработеност, освен прашањето на здравственото осигурување кое се обезбедува за сите невработени, доколку по друг основ не се осигурени, тука спаѓаат и другите бенефиции, прашањето на надоместокот, прашањето на пензискиот и инвалидското осигурување, прашањето на стекнување на пензија после 25 години работен стаж, доколку до нивните услови на пензионирање не се вработат и т.н.

Мислам дека со овој  закон ние конечно ќе создадеме услови при пазарно стопанисување, Заводот за вработување, како што забелешка со право еден пратеник, од институција која дистрибуира паричен надоместок, плави картони т.н. и гола евиденција, да се претвори во една институција современа која ќе посредува при размената на трудот односно исполнување на прашањето за потреба од работници за работодавци и исполнување на правото за вработување од страна на невработените.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, јас се извинувам што по втор пат се јавувам за збор, меѓутоа, сметам дека господинот министер изрази едно убедување , што за мене е од многу крупно и важно значење, а тоа е за неговата согласност по однос на правичноста и редоследноста за вработување во т.н. јавни служби. Тоа е и моја заложба, а сигурно и на сите нас како пратеници, земајќи ја неправичната состојба со голем број на стручни кадриво делот на чекањето ка работа во јавните т.е.,

образование, здравство, социјала, култура и т.н. и повикувајќи го овде на говорница министерот, сакам да сугерирам и упатам дека надлежност за посредување при правичност и редоследноста за вработување во јавните служби од општествените дејности, како што беше пред овој закон, може и следува заедницата за вработување, не навлегувајќи во интервенциите и содржината на регуларноста законот за работни односи каде што е слободно одлучувањето за примањето, односно заснивањето на работен однос. Значи во делот на јавните служби од општествени дејности заедниците за вработување, предлог конкретен, да се регулира по средување за правичност и редоследност да се знае согласно податоците на евиденција што тие располагаат, тоа е време чекањето под подеднакво услови, како основен фактор за ограничување и превентивно елиминирање на неправичностите при вработувањето. Повторно ќе кажам ненавлегувајќи во одлуката на директните извршители во вработувањето, односно заснивањето работниот однос, што пак ако не се придржуваат на тоа посредување, бидејќи државата му го дава како овластување ќе биде еден критериум за одговорност на таквите директори ако се од социјалата, конкретно на самиот министер.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Или јас не бев докрај јасен или г-динот Минов не ме слушна. Јас реков дека се согласувам дека во јавните служби и органите на државната управа, прашањето на непосредна размена, односно задоволување на потреба од вработување , без посредување на заводот нема да има. Но тоа прашање ќе се регулира со Законот за работни односи

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Ако никој не бара збор го заклучувам претресот

Предлагам овде да прекинеме со работа. Кога ќе продолжиме ќе ве известам дополнително.

( Седницата заврши во 16,45 часот).